ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ 2021 – 2025
## за период 01.01.2021 – 31.12.2021

Скопје, март 2022 година

Содржина

**Вовед** ... **4**
Контекст ... 4
**Методологија** ... **5**
**1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ... **6**
1.1. Препораки ... 15
**2. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ЈАВНИ НАБАВКИ** ... **16**
2.1. Опис на хоризонталната област јавни набавки ... 16
2.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 16
2.3. Резиме за областа ... 18
2.4. Препораки ... 18
**3. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ВРАБОТУВАЊЕ** ... **19**
3.1. Опис на хоризонталната област вработување ... 19
3.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 19
3.3. Резиме за областа ... 22
3.4. Препораки ... 23
**4. СЕКТОР ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ** ... **23**
4.1. Опис на секторот политички систем ... 23
4.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 24
4.3. Резиме за областа ... 26
**5. СЕКТОР ПРАВОСУДСТВО** ... **27**
5.1. Опис на секторот правосудство ... 27
5.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 27
5.3. Резиме за областа ... 30
5.4. Препораки ... 31
**6. СЕКТОР ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ** ... **32**
6.1. Опис на секторот органи за спроведување на законот ... 32
6.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 32
6.3. Резиме за областа ... 37
6.4. Препораки ... 38
**7. СЕКТОР ЗДРАВСТВО** ... **39**
7.1. Опис на секторот здравство ... 39
7.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 39
7.3. Резиме за областа ... 44
7.4. Препораки ... 45
**8. СЕКТОР ОБРАЗОВАНИЕ** ... **45**
8.1. Опис на секторот образование ... 45
8.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 46
8.3. Резиме за областа ... 53
8.4. Препораки ... 54
**9. СЕКТОР ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** ... **54**
9.1. Опис на секторот труд и социјална политика ... 54
9.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ... 54

9.3. Резиме за областа ..... 56

**10. СЕКТОР УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ..... 57**

10.1. Опис на секторот урбанизам и просторно планирање ..... 57
10.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ..... 57
10.3. Препораки ..... 58

**11. СЕКТОР ЖИВОТНА СРЕДИНА ..... 58**

11.1. Опис на секторот животна средина ..... 58
11.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ..... 59

**12. СЕКТОР ЗЕМЈОДЕЛСТВО ..... 59**

12.1. Опис на секторот земјоделство ..... 59
12.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ..... 60
12.3. Резиме за областа ..... 64

**13. СЕКТОР СПОРТ ..... 64**

13.1. Опис на секторот спорт ..... 64
13.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ..... 65
13.3. Резиме за областа ..... 68

**14. ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ..... 68**

14.1. Опис на секторот економија и бизнис ..... 68
14.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ..... 69
14.3. Резиме за областа ..... 72

**15. СЕКТОР ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА 73**

15.1. Опис на секторот ЈП и АД во сопственост на државата и ЕЛС ..... 73
15.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ..... 73

**16. СЕКТОР МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ..... 75**

16.1. Опис на секторот медиуми и граѓанско општество ..... 75
16.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата ..... 75
16.3. Резиме за областа ..... 77

## Листа на кратенки

| Кратенка | Целосен назив |
|---|---|
| **АКН** | Агенција за катастар на недвижности |
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој |
| **АКВО** | Агенција за квалитет во високото образование |
| **МАЛМЕД** | Агенција за лекови и медицински средства |
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **АСПИ** | Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **БЈН** | Биро за јавни набавки |
| **БРО** | Биро за развој на образование |
| **Влада** | Влада на Република Северна Македонија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДИЗ** | Државен инспекторат за земјоделство |
| **ДПИ** | Државен просветен инспекторат |
| **ДУИ** | Државен управен инспекторат |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа |
| **ЗНМ** | Здружение на новинари на Македонија |
| **ЗО** | Здружение на обвинители |
| **ЈОРСМ** | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МО** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **Стратегијата** | Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година |
| **Собранието** | Собранието на Република Северна Македонија |
| **СЕММ** | Совет за етика во медиуми |
| **УФП** | Управа за финансиска полиција |
| **УФР** | Управа за финансиско разузнавање |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |
| **ФПИО** | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |
| **ЦУ** | Царинска управа |

# Вовед

## Контекст

Во јануари 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19. Основна цел на овој закон е уредување на мерките и активностите за:

- спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката,
- спречување на судирот на интереси и
- спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања.

Надлежна институција за спроведување на мерките и активностите поврзани со спречување на корупцијата и судирот на интереси е Државната комисија за спречување на корупцијата, на која со законот и е загарантирана потполна самостојност и независност во вршењето на работите од својата надлежност. Во рамките на своите надлежности, ДКСК донесува петгодишна национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување. Националната стратегија се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.
На 10 декември 2020 година, врз основа на претходно утврдена Методологија и спроведена анализа на ризиците од корупција, со примена на широк, инклузивен и транспарентен процес на консултации со учество на претставници од јавниот и приватниот сектор, медиумите, граѓанските здруженија и фондации, експерти и претставници од релевантните меѓународни организации, ДКСК ја донесе Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година, која Собранието на Република Северна Македонија ја усвои на 18 април 2021 година. Составен дел на Стратегијата е Акциониот план за нејзино спроведување, во кој детално се разработени проблемите и мерките по активности и индикатори, кои се систематизирани во 2 хоризонтали области и 13 ранливи сектори, и тоа:

- Јавни набавки – хоризонтална област
- Вработување– хоризонтална област
- Политички систем
- Правосудство
- Органи за спроведување на законот
- Здравство
- Образование
- Труд и социјална политика
- Урбанизам и просторно планирање
- Животна средина
- Земјоделство
- Спорт
- Економија и бизнис
- Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа
- Медиуми и граѓанско општество

Согласно член 18 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК е должна да го следи спроведувањето на мерките од Стратегијата и да подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведувањето на националната стратегија. Овие извештаи ДКСК ги доставува до Собранието, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

ДКСК, согласно ЗСКСИ може да донесе одлука за изменување на Стратегијата кога врз основа на спроведени анализи или согледувања од годишните извештаи за нејзиното спроведување ќе утврди дека тоа е потребно. Измената на Стратегијата се подготвува во постапка пропишана за подготовка на Стратегијата и се поднесува до Собранието за усвојување.

Со оглед на фактот дека Стратегијата се однесува на периодот од 2021 година до 2025 година, ова е прв Годишен извештај за спроведување на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидени за реализација во 2021 година.

Врз основа на направените анализи и добиените податоци, овој извештај ќе биде основа за спроведување на постапка за изменување на Стратегијата. Притоа овие измени ќе се однесуваат како на промена на роковите, за оние мерки и активности кои не се реализирани, а за кои рокот за реализација е изминат, така и на промена на носителите на активностите онаму каде од добиените податоци произлегува дека има потреба да се променат носителите на активностите. Дополнително со измените ќе бидат детектирани и нови проблеми, а ќе бидат утврдени и дополнителни мерки и активности, доколку при анализите произлезе потреба од такво нешто.

Овој извештај ја одразува структурата на Стратегијата, односно има 16 делови и тоа резиме, два делови кои се однесуваат на двете хоризонталните области и 13 делови кои се однесуваат на секој од секторите кои се опфатени со самата Стратегија. Во секој од овие делови се презентирани наодите во однос на реализацијата на мерките и активностите предвидени во Акциониот план, со презентација на статистички податоци за бројот на реализирани мерки и активности, како и квалитативна анализа на реализираните активности, со препораки за надминување на воочените проблеми.

## Методологија

Овој годишен извештај е подготвен врз основа на информации кои се добиени од надлежните институции, означени во Акциониот план за носители на активностите. Заради ефикасно следење на степенот на реализација на активностите од Стратегијата, во втората половина од 2021 година беше развиено и софтверско решение – ВЕБ апликација, со што се обезбеди номинираните лица - координаторите, периодично да доставуваат извештаи за степенот на реализација на активностите, за кои нивната матична институција е носител во процесот на реализација. По одржаната обука за користење на апликацијата, во периодот од 15 до 31 декември преку Веб апликацијата беше отворен процесот на евалуација за степенот на реализација на активностите за 2021 година, во кој период координаторите ги поднесуваа извештаите кои се однесуваат на активностите од нивна надлежност.

По извршеното прибирање на извештаите, ДКСК изврши нивна анализа и евалуација и при што на колегиумите одржани во месец февруари 2021 година го утврди статусот на активноста (реализирана, во тек или нереализирана).

Дополнително во периодот од 7 до 11 март 2021 година, беа организирани тркалезни маси за секој сектор, на кои беа поканети претставници од сите институции кои се носители на определени активности. На овие тркалезни маси уште еднаш беа разгледани добиените извештаи преку ВЕБ – апликацијата, беа дискутирани предвидените активности и мерки и степенот на реализација, а беше разговарано и за причините поради кои определени активности не се реализирани.

За оние активности за кои надлежните институции не доставиле информации, беа направени дополнителни анализи на достапни податоци и документи на нивните веб страници, како и на релевантните законски и подзаконски акти за да се добијат точни податоци околу степенот на реализација на мерките и активностите од Акциониот план на Стратегијата.
Овој Годишен извештај е резултат на сите наведени активности, односно анализа на добиените извештаи од институциите, анализа на документи и податоци достапни на веб страните, анализа на релевантните законски и подзаконски акти, тркалезни маси како и секојдневна комуникација со координаторите од сите институции.
При презентирање на степенот на реализација на Стратегијата, активноститесе прикажани како на институцијата која е главен носител, и во оние случаи кога дел од истите бараат соработка помеѓу повеќе институции.

# 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 се утврдени 54 проблеми, за чие надминување се предвидени 111 мерки и 191 активности. Распределбата на проблемите, мерките и активностите е следна:

| Реден број | Област/сектор | Проблеми | Мерки | Активности |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јавни набавки | 2 | 2 | 4 |
| 2. | Вработување | 3 | 8 | 13 |
| 3. | Политички систем | 6 | 7 | 8 |
| 4. | Правосудство | 3 | 7 | 14 |
| 5. | Органи за спроведување на законот | 7 | 13 | 21 |
| 6. | Здравство | 5 | 18 | 26 |
| 7. | Образование | 8 | 18 | 34 |
| 8. | Труд и социјална политика | 1 | 5 | 10 |
| 9. | Урбанизам и просторно планирање | 1 | 1 | 1 |
| 10. | Животна средина | 1 | 1 | 2 |
| 11. | Земјоделство | 5 | 9 | 16 |
| 12. | Спорт | 2 | 6 | 15 |
| 13. | Економија и бизнис | 4 | 8 | 13 |
| 14. | ЈП и АД | 3 | 3 | 6 |
| 15. | Медиуми и граѓанско општество | 3 | 5 | 8 |
| Вкупно | | 54 | 111 | 191 |

Како што може да се види од табелата, бројот на проблемите, мерките и активностите по сектори, зависи пред се од ризикот за корупција во секој од областите/секторите, но и од вклученоста и придонесот кој го даваат институциите во рамките на областите/секторите при подготовка на Стратегијата.
При тоа најголем број на проблеми се нотирани во секторите образование, органи за спроведување на законот, политички систем, земјоделство и здравство. Од друга страна сектори со најмалку детектирани проблеми се областите труд и социјална политика, урбанизам и просторно планирање и животна средина.

Во однос на мерките пак, најголем е бројот на оние во секторите здравство, образование и органи за спроведување на законот каде има двоцифрен број на мерки. Најмал е бројот на мерки во секторите урбанизам и просторно планирање и животна средина.
Во однос на бројот на дефинирани активности предничат повторно секторите образование, здравство и органи за спроведување на законот. Повторно најмалку активности има во секторот урбанизам и просторно планирање.
Од наведените податоци може да се констатира дека бројот на мерки и активности е правопропорционален со бројот на констатирани проблеми.

Во однос на распределбата на проблеми, мерки и активности по области/сектори, графичкиот приказ е следниот:




Околу 40% од сите мерки и активности се однесуваат на секторите образование, здравство и органи за спроведување на законот.

Распоредот на Активности по години е следен:




Најмногу активности се предвидени за 2021 година, односно за првата година од спроведувањето на Стратегијата. Имено, 111 активности (58%) се предвидени за 2021 година, 69 активности (36%) се предвидени за 2022 година, 9 активности (5%) се предвидени за 2023 година, 2 активности (1%) се предвидени за 2024 година, а за 2025 година нема предвидено ниту една активност. Треба да се има предвид дека при подготовка на Стратегијата, роковите за реализација на активностите беа предложени од самите институции/ учесниците од соодветниот сектор. Роковите за реализација на нереализираните активности ќе се пролонгираат за следните години.

Во однос на бројот на предвидени и реализирани активности за 2021 година состојбата е следна:

| Област/сектор | Број на активности во 2021 | Реализирани активности | Нереализирани активности | Активности во тек |
|---|---|---|---|---|
| **Јавни набавки** | **3** | **1** | **2** | **0** |
| **Вработување** | **8** | **1** | **5** | **2** |
| **Политички систем** | **6** | **1** | **1** | **4** |
| **Правосудство** | **9** | **7** | **0** | **2** |
| **Органи за спроведување на законот** | **14** | **2** | **9** | **3** |
| **Здравство** | **12** | **1** | **9** | **2** |
| **Образование** | **27** | **6** | **10** | **11** |
| **Труд и социјална политика** | **3** | **0** | **2** | **1** |
| **Урбанизам и просторно планирање** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Животна средина** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Земјоделство** | **11** | **0** | **10** | **1** |
| **Спорт** | **7** | **0** | **6** | **1** |
| **Економија и бизнис** | **8** | **1** | **5** | **2** |
| **ЈП и АД** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Медиуми и граѓанско општество** | **3** | **2** | **0** | **1** |
| **Вкупно** | **111** | **22** | **59** | **30** |

Од вкупно 111 активности предвидени за 2021 година, целосно се реализирани 22 (20%), во тек на реализација се 30 активности (27%), додека 59 (53%) од активностите воопшто не се започнати со реализација.




Процентот на реализација на активностите по области и сектори е следен:

Графичкиот приказ на состојбата со предвидените, реализираните, нереализираните и активностите во тек по области/сектори е следен:



Од прикажаните податоци произлегува дека најголема реализација на активностите има во секторот правосудство (78%), па следуваат секторот медиуми и граѓанско општество (67%), хоризонталната област јавни набавки (33%) и секторот образование (22%). Од друга страна дури во три сектори (труд и социјална политика, земјоделство и спорт) има 0% целосно реализирани активности. Треба да се напомене дека за секторите урбанизам и просторно планирање, животна средина и ЈП и АД во државна сопственост и сопственост на единиците на локалната самоуправа за извештајната 2021 година не е предвидена ниту една активност.

Во однос на степенот на реализација на активностите по институција состојбата е следна:

| ИНСТИТУЦИЈА | Вупно активности 2021 година | Реализирани | Нереализирани | Во тек |
|---|---|---|---|---|
| **Агенција за катастар на недвижности** | 2 | 0 | 1 | 1 |
| **Агенција за квалитет во високото образование** | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Агенција за лекови и медицински средства** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Агенција за млади и спорт** | 7 | 0 | 6 | 1 |
| **Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер** | 2 | 0 | 2 | 0 |
| **Академија за судии и јавни обвинители** | 3 | 3 | 0 | 0 |
| **Биро за јавни набавки** | 2 | 1 | 1 | 0 |
| **Биро за развој на образование** | 2 | 1 | 1 | 0 |
| **Влада на РСМ** | 2 | 1 | 0 | 1 |
| **Државна комисија за спречување на корупцијата** | 4 | 1 | 0 | 3 |
| **Државен просветен инспекторат** | 5 | 0 | 1 | 4 |
| **Државен управен инспекторат** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **ЗНМ и СЕММ** | 3 | 2 | 0 | 1 |
| **Здружение на обвинители** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** | 3 | 3 | 0 | 0 |
| **Министерство за внатрешни работи** | 2 | 0 | 1 | 1 |
| **Министерство за здравство** | 9 | 0 | 8 | 1 |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | 9 | 0 | 9 | 0 |
| **Министерстви за економија** | 8 | 1 | 4 | 3 |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | 10 | 0 | 9 | 1 |
| **Министерство за образование и наука** | 6 | 0 | 6 | 0 |
| **Министерство за правда** | 3 | 1 | 1 | 1 |
| **Министерство за труд и социјална политика** | 3 | 0 | 2 | 1 |
| **Министерство за финансии** | 9 | 1 | 2 | 6 |
| **Собранието на Република Северна Македонија** | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Управа за финансиско разузнавање** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Фонд за здравствено осигурување** | 2 | 1 | 0 | 1 |
| **Фонд за пензиско и инвалдиско осигурување** | | | | |
| **Царинска управа** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Универзитет „Св.Апостол Павле** | 2 | 1 | 0 | 1 |
| **Универзитет „Мајка Тереза“** | 2 | 0 | 2 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Универзитет „Гоце Делчев“** | 2 | 1 | 0 | 1 |
| **Универзитет „Св. Климент Охридски** | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **111** | **22** | **59** | **30** |

Најнизок степен на реализација на активностите се забележува кај Министерството за информатичко општество и администртација, кое од 10 активности има само една активност која е во тек на реализација, Министерството за здравство кое од 9 активности има само една активност која е во тек и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое од 9 активности нема реализирано ниту една. Ако се земе во предвид фактот дека овие три министерства заедно имаат 28 активности, што е од 25% од вкупниот број на активности, тогаш е разбирливо зошто е толку низок степенот на реализација на активностите од Акциониот план на Стратегијата предвидени за 2021 година.

Процентот на реализација на активностите по институција е следен:

| ИНСТИТУЦИЈА | Реализирани | Нереализирани | Во тек |
|---|---|---|---|
| **Агенција за катастар на недвижности** | 0% | 50% | 50% |
| **Агенција за квалитет во високото образование** | 0% | 0% | 100% |
| **Агенција за лекови и медицински средства** | 0% | 100% | 0% |
| **Агенција за млади и спорт** | 0% | 86% | 14% |
| **Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер** | 0% | 100% | 0% |
| **Академија за судии и јавни обвинители** | 100% | 0% | 0% |
| **Биро за јавни набавки** | 50% | 50% | 0% |
| **Биро за развој на образование** | 50% | 50% | 0% |
| **Влада на Република Северна Македонија** | 50% | 0% | 50% |
| **Државна комисија за спречување на корупцијата** | 25% | 0% | 75% |
| **Државен просветен инспекторат** | 0% | 20% | 80% |
| **Државен управен инспекторат** | 100% | 0% | 0% |
| **Здружение на новинари на Македонија и Совет за етика во медиуми** | 67% | 0% | 33% |
| **Здружение на обвинители** | 100% | 0% | 0% |
| **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** | 100% | 0% | 0% |
| **Министерство за внатрешни работи** | 0% | 50% | 50% |
| **Министерство за здравство** | 0% | 89% | 11% |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | 0% | 100% | 0% |
| **Министерстви за економија** | 13% | 50% | 38% |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | 0% | 90% | 10% |
| **Министерство за образование и наука** | 0% | 100% | 0% |
| **Министерство за правда** | 33% | 33% | 33% |
| **Министерство за труд и социјална политика** | 0% | 67% | 33% |
| **Министерство за финансии** | 11% | 22% | 67% |
| **Собранието на Република Северна Македонија** | 0% | 0% | 100% |
| **Управа за финансиско разузнавање** | 0% | 100% | 0% |
| **Фонд за здравствено осигурување** | 50% | 0% | 50% |
| **Царинска управа** | 0% | 100% | 0% |
| **Универзитет „Св.Апостол Павле** | 50% | 0% | 50% |
| **Универзитет „Мајка Тереза“** | 0% | 100% | 0% |
| **Универзитет „Гоце Делчев“** | 50% | 0% | 50% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Универзитет „Св. Климент Охридски** | 100% | 0% | 0% |

Како што може да се види од приказот за процентот на реализација на активностите по институција, 7 институциии имаат 0% нереализирани активности, односно ниту реализирале ниту започнале со реализација на било која од активностите.

Од друга страна треба да се истакнат Академијата за судии и јавни обвинители, Државниот управен инспекторат, Здружението на јавни обвинители, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола кои ги реализирале сите превидени активности за 2021 година, а во оваа група се и Здружението на новинари на Македонија и Советот за етика во медиумите со 67% на реализација на активностите.

!2 институции кои биле носители на активности во 2021 година имаат 0% нереализирани активности, односно или ги започнале или целосно ги реализирале предвидените активности. Сепак при разгледување на процентите мора да се има во предвид фактот дека распределбата на активностите не е рамномерна, односно дури 18 институции имаат од 1 до 2 активности за 2021 година.

Графичкиот приказ на процентот на реализација на кативностите по институција е следен:




Од прикажаните податоци се констатира дека 89 активности, чиј рок на реализација бил предвиден во 2021, (59 нереализирани и 30 во тек) се пренесуваат за следните години, па заедно со 80 активности кои се веќе предвидени за овие години, во периодот 2022– 2025 година ќе треба да бидат реализирани вкупно 169 активности.

Во следењето на остварувањето на активностите од Стратегијата, ДКСК се соочи со проблем со воспоставувањето и одржувањето на комуникација со Министерството за информатичко

општество и администрација и со Министерството за здравство, кои во утврдениот рок не поднесоа извештаи со податоци за реализација на активностите за кои се носители, поради што ДКСК дополнително изврши проверка на нивните ВЕБ страници за проверка и верификација на степенот на реализација на активностите. Дополнително, Министерството за информатичко општество и администрација не делигираше претставник за тркалезните маси на кои се презентираа извештаите и се дискутираше за реализацијата на Стратегијата. Поради наведеното, неопходно е да се воспостави механизам за одговорност на раководните лица во институциите кои не соработуваат и не доставуваат податоци за реализираните активности од Стратегијата.

Врз основа на направените анализи на добиените податоци може да се изведе заклучок дека проценката на ризици од корупција по хоризонтални области и по сектори, направена при подготовката на Стратегијата останува и понатаму релевантна, односно генералните интерсекторски ризици од корупција и понатаму се:

- Јавните набавки и инспекцискиот надзор кои се однесуваат на сите сектори и нивното влијание во општеството е највисоко.
- Вработувањата во јавниот сектор важни се на ниво на централна и локална власт, поради што ризикот од корупција и во оваа хоризонтална област во општеството е многу висок.
- Ризикот од корупција при издавање на одобренија, решенија, лиценци и дозволи ги поврзува јавниот и приватниот сектор е многу висок како на ниво на централна така и на ниво на локална власт.
- Постои висок ризик од корупција при доделување на грантови, субвенции и државна помош на централно и локално ниво.

Во сите анализирани сектори како заеднички именител утврдени се следните ризични фактори:

- Силно политичко влијание во јавниот сектор;
- Проблеми во владеењето на правото и ниска стапка на санкционирање на коруптивното однесување на ниво на општество;
- Неконзистентна регулатива што остава простор за злоупотреби и поттикнување на коруптивно однесување;
- Ниско ниво на интегритетот на човечкиот фактор и
- Недоволна транспарентност, систем за надзор и контролни механизми во јавниот сектор.

Од анализата на добиените податоци, од остварената комуникација со носителите на активностите, како и врз основа на бројот на пријави кои ДКСК секојдневно ги добива, а кои се индикатор за потенцијални коруптивни активноси, може да се изведе заклучок дека постојат дополнителни два проблеми кои треба да бидат внесени во Стратегијата како посебни области и тоа:

- Инспекциските служби и
- Располагањето со имот во државна сопственост и сопственост на единиците на локалната самоуправа.

Инспекциските служби се и сега дел од повеќе области/сектори во Стратегијата. Тие се предмет на интерес во секторот органи за спроведување на законот, но и во останатите сектори, како што се образование, земјоделство, урбанизам и просторно планирање и др. Проблемот со контролата на извршувањето на законите во државата е на алармантно ниво. Имено се повеќе граѓани се жалат на нефункционалност на инспекциските служби, особено оние кои се на локално ниво, пример инспекцискиот надзор во градежништвото. Државниот градежен инспекторат нема доволно човечки и други капацитети за ефикасно и ефективно спроведување на нивната надлежност на целата територија на државата, додека пак на локално ниво, постојат недостатоци во воспоставување на соодветна организациска поставеност за непречено

функционирање на инспекциските служби. Како резултат на ова, расте бројот на дивоградбите, со што се загрозува јавниот интерес.

Слична е состојбата и со животната средина, со домувањето како и со сите останати инспекциски служби на локално ниво.

Од друга страна нејасните и неразграничените надлежности на инспекциските служби оставаат огромен простор за дискреција и злоупотреба. Од тие причини проблемот со инспекциските служби потребно е да се извлече како посебна област во Стратегијата, со јасно прецизирање на сите проблеми, како и со дефинирање на мерки и активности за нивно надминување.

Располагањето со имотот во државна сопственост и во сопственост на општините е уште еден хоризонтален проблем кој се провлекува во повеќе сектори, а особено во спорт, земјоделство, економија и бизнис, труд и социјална политика и др. Поради нејасните критериуми и отсуството на прецизна законска регулатива, постои огромен простор за злоупотреба и корупција. Во Страгетијата утврдени се определени мерки и активности кои се однесуваат на располагањето со имотот во државна сопственост и во сопственост на општините. Од добиените податоци и направените анализи, произлегува дека институциите кои се носители на овие активности немаат ниту капацитет ниту пак доволно законски надлежности за да можат да ги решаваат овие проблеми. Од тие причини, се проценува дека оваа состојба треба да биде внесена во Стратегијата како посебна област, при што на системски начин ќе се пристапи на нејзино надминување, почнувајќи од евиденцијата на имотот, па се до неговото располагање, со што просторот за коруптивни практики ќе се сведе на минимум.

## 1.1. Препораки

Имајќи ја во предвид генералната состојба во однос на реализација на Акциониот план од Националната стратегија за спречување на корупцијата 2021 -2025, за унапредување на севкупната состојба, потребно е да се реализираат следните препораки:

1. Со оглед на нискиот процент на реализирани активности и мерки од Акциониот план на Стратегијата, како и на фактот дека во некои сектори не е реализирана ниту една активност, ДКСК смета дека е неопходно да се воспостави силен механизам за контрола но и институционална одговорност за реализација на мерките. Во таа насока ДКСК предлага:
    - Да се интензивираат активностите на Собранието во насока на зголемена отчетност, одговорност и транспарентност на носителите на јавни функции во извршната власт, задолжени за спроведување на активностите од Стратегијата (комисиски, надзорни расправи и сл.).
    - Институциите - носители на активностите од Стратегијата, да создадат услови за континуиран и ефективен систем за известување за степенот на реализација на активностите за кои се задолжени, во рамки на институцијата, како и кон ДКСК.
    - Обезбедување средства за зајакнување на капацитетот на ДКСК со формирање на Одделение за следење на реализацијата на Стратегијата, за континуирана комуникација со институциите, со цел да биде активен двигател за реализацијата на активностите, преку квартално прибирање на податоци од институциите и редовно одржување состаноци по области.

2. Согласно ЗСКСИ да се изврши изменување и дополнување на Стратегијата, во насока на:

- Ажурирање и прилагодување на мерките и активностите (рок за реализација, индикатор, надлежна институција и др.).
- Вградување на предлозите на собраниските тела при усвојувањето на Стратегијата.
- Дефинирање на дополнително детектирани приоритетни проблеми, кои се однесуваат на инспекциските служби и располагањето со имот во државна сопственост и сопственост на единиците на локалната самоуправа.

# 2. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ЈАВНИ НАБАВКИ

## 2.1. Опис на хоризонталната област јавни набавки

Јавните набавки како една од најзначајните области во Стратегијата, се спроведуваат на централно и на локално ниво и опфаќаат околу 20% од Буџетот на Република Северна Македонија и доминантен дел од буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Со Националната стратегија во хоризонталната област јавни набавки се утврдени три проблеми, за чие надминување се предвидени 2 мерки и 4 активности, чии носители се БЈН, МФ и АСПИ.

## 2.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во хоризонталната област состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:*** *Недоволен број на лица со соодветни квалификации и познавање на стандардите при дефинирање на техничките спецификации како и критериумите за утврдување на способноста на економските оператори.*

- **Мерка 1:** Зајакнување на капацитетите на лицата кои ја подготвуваат тендерската документација.
  - ✓ **Активност 1.1 .**Креирање и спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност со учество на Институтот за стандардизација.
    Рок: втора половина на 2021 година, континуирано
    Надлежна институција:БЈН
    Статус: **Нереализирана.**
    Во поднесениот извештај БЈН наведува дека согласно одредбите од Законот за јавните набавки нема законска можност за вклучување на предавачи од Институтот за стандардизација, кои би предавале на обуките за јавни набавки во организација на Бирото, затоа што законот не дозволува обуки за јавни набавки да одржуваат лица кои не поседуваат сертификат за обучувач за јавни набавки.

*Проблем 2: Недоволна транспарентност на институциите и низок степен на интегритет на вклучените лица во спроведувањето на јавните набавки.*

- **Мерка 1:** Зголемување на институционалниот интегритет и транспарентност во јавните набавки.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Измена на Законот за јавни набавки за пропишување на задолжително потпишување на изјава за доверливост од страна на лицата што учествуваат во подготовката на техничката спецификација.
    Рок: прва половина на 2023 година

Надлежна институција: МФ
Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

- ✓ **Активност 1.2.**: Во моделите на тендерски документации што ги изработува БЈН задолжително да се наведат овластените лица за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки.
  Рокот: втора половина на 2020 година
  Надлежна институција: БЈН
  Статус: **Реализирана.**
  Ажуриран е моделот на тендерска документација за набавка од мала вредност и моделот на тендерска документација за поедноставена отворена постапка. Во моделите на тендерски документации е додаден дел каде договорните органи ќе треба да наведат податок кое лице во институцијата согласно Законот за заштита на укажувачи е овластено за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи.
- ✓ **Активност 1.3.**: Зајакнување на надзорот во однос на објавување на информациите во однос на јавните набавки согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.
  Рок: прва половина на 2021 година, континуирано
  Надлежна институција: АСПИ
  Статус: **Нереализирана.**
  Согласно доставениот извештај, АСПИ информира дека во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер не се предвидени прекршочни одредби за необјавување на податоците кои се посочени во оваа активност. Од страна на БЈН, Сектор за следење на системот на јавните набавки и управување со ЕСЈН изготвено е Упатство за автоматска објава на веб страниците на институциите, со кое се овозможува автоматско објавување на огласите и известувањата за склучени договори за јавните набавки на интернет-страниците на институциите, со што значително се зголемува транспарентноста во јавните набавки. Во однос на наводите на АСПИ дека во законот нема прекршочни одредби за необјавување на наброените податоци од оваа активност, ДКСК смета дека истиот е неоснован односно дека постои можност за водење на прекршочна постапка за не почитување на членот 9 од законот, кој го опфаќа и ова прашање. Во секој случај АСПИ ја нема исполнето обврската за засилен надзор над примената на членот 10 од законот, во делот на јавните набавки, што е една од клучните надлежности.

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за хоризонталната област јавни набавки е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | БЈН | 2021 година | Нереализирана |
| **2.** | П2.М1.А.1.2. | МФ | 2023 година | / |
| **3.** | П2.М2.А.1.2. | БЈН | 2020 година | Реализирана |
| **4.** | П2.М2.А.1.3. | АСПИ | 2021 година | Нереализирана |

## 2.3. Резиме за областа







| Институција | Вкупно активности во 2021 година | Реализирани | Нереализирни | Во тек |
|---|---|---|---|---|
| АСПИ | 1 | 0 | 1 | 0 |
| БЈН | 2 | 1 | 1 | 0 |

## 2.4. Препораки

1. Во Акциониот план на Стратегијата, кај Проблемот 1, во Мерката 1, Активноста 1.1. да се подели во две одделни активности, и тоа:
   a. Активност 1.1. Склучување на меморандум за соработка помеѓу БЈН и Институтот за стандардизација, во насока на обучување од страна на Институтот за стандардизација на обучувачите од Бирото за јавни набавки, за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност. Рок за реализација: втора половина на 2022 година
   Надлежни институции: БЈН и Институтот за стандардизација
   b. Активност 1.2. Обука на обучувачите во Бирото за јавни набавки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност.
   Рок за реализација: втора половина на 2022 година
   Надлежни институции: БЈН и Институтот за стандардизација

# 3. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ВРАБОТУВАЊЕ

## 3.1. Опис на хоризонталната област вработување

Вработувањата во јавниот сектор претставуваат област која е директно поврзана со трошењето на јавни пари (платите на вработените во јавниот сектор се финансираат од централниот буџет или буџетите на единиците на локалната самоуправа) и има силно влијание врз квалитетот и пристапот до услугите од јавниот сектор, личниот и институционалниот интегритет и врз креирањето и спроведувањето на јавните политики, што повлекува долгорочни ефекти врз целото општество. Вработувањата во јавниот сектор ги опфаќаат и именувањата во управни и надзорни одбори во јавниот сектор што се одразува врз квалитетот на управување со односните институции.

Со Националната стратегија во хоризонталната област вработување се утврдени 3 проблеми, за чие надминување се предвидени 8 мерки и 13 активности, а за реализација на овие активности надлежни се:

- Владата
- ДКСК,
- МИОА,
- МЕ,
- МЛС,
- МЗ,
- МОН,
- МТСП,
- МК,
- Министерствата,
- ЕЛС,
- АСПИ,

## 3.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во хоризонталната област вработување состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:****Неусогласеност на голем број на закони кои го регулираат вработувањето со што се овозможува секаков вид на влијание: партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам.*

- **Мерка 1:** Укинување на можноста за вработување преку Агенции за времени вработувања и на можноста привремените вработувања да се трансформираат во вработување на неопределено работно време без редовна постапка за вработување.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Измена на Законот за вработените во јавниот сектор заради укинување на можноста за вработувања преку Агенции за времени вработувања и за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МИОА
    Статус: **<u>Нереализирана.</u>**
    Во периодот на доставување на извештаите, МИОА, иако клучна институција во оваа област, од вкупно 6 извештаи за 2021 година, нема доставено ниту еден, а притоа не номинираше претставници за тркалезните маси по сектори.

- **Мерка 2:** Проценка на реалните потреби за бројот на вработени и нивната стручност во субјектите од јавниот сектор.

- ✓ **Активност 2.1.**: Изработка на функционална анализа во субјектите од јавниот сектор.
  Рок: втора половина на 2021 година, континуирано
  Надлежна институција: МИОА
  Статус: **Нереализирана.**
- ✓ **Активност 2.2.**: Објавување на функционалната анализа на веб страните на институциите.
  Рок: втора половина на 2021 година, континуирано
  Надлежна институција: МИОА
  Статус: **Нереализирана.**
- ✓ **Активност 2.3.:** Анализа на потребата за воведување на годишна проценка за обем на работа во субјектите од јавниот сектор.
  Рок: втора половина на 2021 година
  Надлежна институција: МИОА
  Статус: **Нереализирана**.

- **Мерка 3:** Соодветното дефинирање на видот на образование за конкретно работно место во актите за систематизација на работни места.
  - ✓ **Активност 3.1.:** Измена на „Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор“ со цел видот на високо образование да се утврдува преку научни области, а не научни полиња согласно Фраскатиевата класификација на научни области во утврдувањето на видот на образование во актите за систематизација.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МИОА
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

- **Мерка 4:** Зголемувањето на транспарентноста при вработувањата во јавниот сектор.
  - ✓ **Активност 4.1.:** Зајакнување на надзорот во однос на објавување на актите за организација и систематизација и вработувањата, согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.
    Рок: прва половина на 2021 година, континуирано
    Надлежна институција: АСПИ
    Статус: **Нереализирана.**

***Проблем 2:*** Неефикасно раководење, управување и надзор кај одделни органи на управата, агенции, јавни претпријатија и АД во државна сопственост.

- **Мерка 1:** Да се **о**птимизира бројот на членови во надзорни и управни одбори во ЈП и АД.
  - ✓ **Активност 1.1:** Утврдување на критериуми (надлежности, приходи/расходи, број на вработени) во Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва во однос на оптимизација на бројот на членови во органите на управување (надзорни и управни одбори).
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЕ.
    Статус: **Во тек.**
    Измените и дополнувањата на Законот за јавните претпријатија со кои се намалува бројот на членови на управни и надзорни одбори, како и критериуми за

нивно именување се во собраниска процедура. Од друга страна не се преземени никакви активности во истата насока во Законот за трговските друштва, како и во Законот за установите.

- ✓ **Активност 1.2.:** Усогласување на статутите на ЈП и АД согласно измените во законите.
  Рок: втора половина на 2022 година
  Надлежна институција: Влада
  Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

- **Мерка 2:** Воведување на критериуми за вид на образование и компетенции при изборот и директори и именувањето на членови на управните и надзорните одбори.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Изменување и дополнување во Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва во насока на пропишување на законска обврска, со Статутот да се предвиди потребниот вид на образование за раководните лица и за членовите на органите на управување, пропишување на процедура за навремено именување на законскиот број на членови на надзорните и управните одбори и пропишување на прекршочни казни за основачот за ненавремено именување на членови или незаконит избор на раководно лице.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЕ
    Статус: **Во тек**.
    Измените и дополнувањата на Законот за јавните претпријатија со кои се намалува бројот на членови на управни и надзорни одбори, како и критериуми за нивно именување се во собраниска процедура. Од друга страна не се преземени никакви активности во истата насока во Законот за трговските друштва, како и во Законот за установите.
  - ✓ **Активност 2.2.**: Усогласување на Статути и интерни акти со измените во Законот за трговските друштва и Законот за јавните претпријатија од органи на управа, ЈП и АД.
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: Влада
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 3:*** Законската регулатива нема воспоставено јасен систем за евалуација на критериумите за селекција во процесот на вработување и унапредување во јавниот сектор.

- **Мерка 1:** Воспоставување на јасен и транспарентен процес на евалуација на критериумите за вработувањата и унапредувањата во здравство, образование, култура, социјална заштита и АД во државна сопственост.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Пропишување на подзаконски акти за утврдување на објективни критериуми и процес на евалуација за вработување и унапредување во зависност од специфичните потреби на секој сектор одделно.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: Министерство за здравство
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
- **Мерка 2:** Ограничување на дискреционото право на одговорното лице во процесот на вработување.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Анализа на законската регулатива која овозможува дискреционо право на одговорното лице при вработувања.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: ДКСК

Статус: **Реализирана.**

- ✓ **Активност 2.2.:** Имплементација на наодите од изготвената анализа.
  Рок: втора половина на 2022 година
  Надлежна институција: МИОА
  Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за хоризонталната област јавни набавки е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | МИОА | 2021 година | Нереализирана |
| **2.** | П1.М2.А.2.1. | МИОА | 2021 година и континуирано | Нереализирана |
| **3.** | П1.М2.А2.2. | МИОА | 2021 година | Нереализирана |
| **4.** | П1.М2.А2.3. | МИОА | 2021 година | Нереализирана |
| **5.** | П1.М3.А3.1. | МИОА | 2022 година | / |
| **6.** | П1.М4.А4.1. | АСПИ | Прва половина на 2021 - континуирано | Нереализирана |
| **7.** | П2.М1.А1.1. | МЕ | 2021 година | Во тек |
| **8.** | П2.М1.А1.2. | Влада | 2022 година | / |
| **9.** | П2.М2.А2.1. | МЕ | 2021 година | Во тек |
| **10.** | П2.М2.А2.2. | Влада | 2022 година | / |
| **11.** | П3.М1.А1.1. | МЗ | Прва половина на 2022 | / |
| **12.** | П3.М2.А2.1. | ДКСК | 2021 година | Реализирана |
| **13.** | П3.М2.А2.2. | МИОА | 2022 година | / |

## 3.3. Резиме за областа







| Институција | Вкупно | Реализирани активности | Нереализирани активности | Активности во тек на реализација |
|---|---|---|---|---|
| АСПИ | 1 | 0 | 1 | 0 |
| ДКСК | 1 | 1 | 0 | 0 |
| МИОА | 4 | 0 | 4 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕ | 4 | 0 | 0 | 2 |

## 3.4. Препораки

Врз основа на анализата на добиените податоци и информации, како и направените анализи, со цел да се надминат воочените проблеми и да се унапреди степенот на реализација на мерките и активностите утврдени со Стратегијата, во хоризонталната област вработување треба да се реализираат следниве препораки:

1. Во Акциониот план на Стратегијата, кај Проблемот 1, во Мерката 4, Активноста 4.1. да се променат индикаторите, односно единствен индикатор за реализација на оваа активност треба да биде бројот на извршени инспекциски надзори.
2. Кај Проблемот 2, во Мерката 1, Активноста 1.1. да се подели во две одделни активности, и тоа:
   a. Активност 1 Измена и дополнување на Законот за јавните претпријатија.
      Рок за реализација: втора половина на 2022 година.
      Надлежна институција: МЕ.
   b. Активност 2 Измена и дополнување на Законот за трговските друштва.
      Рок за реализација: втора половина на 2022 година.
      Надлежна институција: МЕ.
3. Кај Проблемот 3, во Мерката 1, Активноста 1.1. да се подели во пет одделни активности, за што вклучените институции од оваа активност, ќе се означат за надлежни.
4. Кај Проблемот 3, во Мерката 2, Активноста 2.2. да се подели во пет одделни активности, за што вклучените институции од оваа активност, ќе се означат за надлежни.

# 4. СЕКТОР ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

## 4.1. Опис на секторот политички систем

Секторот политички систем ги опфаќа власта и политиката, со посебен фокус на законодавната власт, така што овој дел се однесува на процесите на носење одлуки на политичко ниво, како закони, политики, стратегии и други општи акти, во сите фази, од иницирање до донесување.

Со Националната стратегија во секторот политички систем се утврдени 6 проблеми, за чие надминување се предвидени 7 мерки и 8 активности, а за реализација на овие активности надлежни се:

- Собранието,
- Владата,
- ДКСК,
- МИОА и
- МП

## 4.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот политички систем состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:*** *Донесување на голем број закони во скратена постапка без соодветно образложение за оправданост за овој вид постапка.*

- **Мерка 1:** Деловничко утврдување на дефиниција за сложеност и обемност на предлог на закони.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Измена на Деловникот за работа на Собранието РСМ.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: Собранието
    Статус: **Во тек.**
    Од извештајот на Собранието се констатира дека формирана е работната група која што е задолжена за учество на Дијалогот Жан Моне, и која веќе подолго време работи на измени на Деловникот, со детална разработка на неговата содржина со цел постигнување на консензус на сите учесници во процесот.

***Проблем 2:*** *Подготвување, предлагање и донесување регулатива често се врши без претходни соодветно спроведени квалитетни анализи, проценка на влијанијата и консултативни процеси во функција на заштита на јавниот интерес.*

- **Мерка 1:** *Уредување на процесот за проценка на влијание на регулативата (ПВР), во насока на негова задолжителност.*
  - ✓ **Активност 1.1.:** Донесување нова Методологија за ПВР со обединување на процесите за оценка на спроведување на регулативата и антикорупциска проверка на легислативата.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МИОА
    Статус: **Во тек.**
    Од извештајот на МИОА произлегува дека во согласност со Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, спроведена е анализа на постојните ex-ante и ex-post процеси со цел оценување на нивната актуелност, корист и употреба како и дефинирање на ефикасен механизам за утврдување на законите кои ќе подлежат на ex-post анализи. Дополнително во тек е анализа на практиките во однос на Извештајот за ПВР од аспект на неговото користење. Очекувано е истиот да биде соодветно ажуриран/унапреден со цел да им помогне на подготвувачите на закони во утврдувањето на ефективни законски решенија како и да одговори на наметнатите потреби за адресирање на прашањето на родова еднаквост и антикорупциска проверка на легислативата. Донесувањето на новите документи (Методологија, Упатство и Одлука за ПВР и ОСР) и остварувањето на резултатите е условено од усвојувањето на предлог Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата.

***Проблем 3:*** *Несакционирање на одбивањето за доставување на изјава за имотна состојба и интереси од лицата кои имаат ваква обврска .*

- **Мерка 1:** Дефинирање на состојба на "одбивање на пријавување на имотната состојба и интересите" од страна на лицата кои имаат ваква законска обврска.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Измена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.
    Рок: прва половина на 2022 година

Надлежна институција: МП
Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

- **Мерка 2:** Воспоставување на мерки за утврдување одговорност на лицата кои одбиваат да достават изјава за имотна состојба и интереси.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Измена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 4:** Нерегулираната интеракција помеѓу лобистите и претставниците на органите на законодавната и извршната власт, како и функционерите од локалната власт.*

- **Мерка 1:** Воспоставување на правила за регулирање на интеракцијата помеѓу лобистите и претставниците на власта.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Донесување на нов закон за лобирање.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: МП
    Статус: **Реализирана.**

***Проблем 5:** Недоволната вклученост на носителите на извршната власт од највисоко ниво во едукативни програми од областа на етиката и интегритетот.*

- **Мерка 1:** Зајакнување на системот на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Донесување на програма за подигање на свест и јакнење на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: ДКСК
    Статус: **Во тек.**
    ДКСК, во насока на исполнување на оваа активност, во текот на 2021 година обезбеди поддршка од Совет на Европа, кои по завршување на административниот дел во нивната организација, информираа дека на почетокот на 2022 година ќе започнат со спроведување на активности за зајакнување на системот на интегритет на носителите на извршната власт од највисоко ниво. Покрај напорите за обезбедување меѓународна поддршка, ДКСК во февруари 2021 година, го објави Извештајот за располагање и користење на државни средства од страна на службените лица со препораки за надминување на воочените проблеми. По препораките и упатените забелешки на ДКСК, Владата на РСМ ја донесе Одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила, а дополнително се подготвува и Регистар за службени возила, со кој точно ќе се регулира користењето на службените возила по укажаните насоки од ДКСК. Наведените активности спаѓаат во системот на интегритет и истите ќе бидат опфатени со предвидената Програма за подигање на свест и јакнење на интегритетот на носителите на извршната власт на највисоко ниво. Активноста ќе биде целосно реализирана во 2022 година – прва половина.
  - ✓ **Активност 1.2.:** Спроведување на програма за обуки.
    Рок: прва половина на 2021 година, континуирано
    Надлежна институција: ДКСК

Статус: **Во тек.**

***Проблем 6:*** *Не постои механизам, ниту орган за ефикасно следење на медиумско претставување на учесниците во изборната кампања преку интернет порталите.*

- **Мерка 1:** Надоместокот за рекламирање на интернет порталите да не биде на товар на Буџетот на РСМ.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Измена на Изборниот законик во насока на изземање на интернет порталите за надоместување на трошоците за рекламирање на учесниците во изборните кампањи се до донесување на законска рамка за нивно регулирање.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МП
    Статус: **Не е реализирана.**

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот политички систем е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | Собрание | 2021 година | Во тек |
| **2.** | П2.М1.А1.1. | МИОА | 2021 година | Во тек |
| **3.** | П3.М1.А11. | МП | 2022 година | / |
| **4.** | П3.М2.А2.1. | МП | 2022 година | / |
| **5.** | П4.М1.А1.1. | МП | 2021 година | Реализирана |
| **6.** | П5.М1.А1.1. | ДКСК | 2021 | Во тек |
| **7.** | П5.М1.А1.2. | ДКСК | 2021 година и континуирано | Во тек |
| **8.** | П6.М1.А1.1. | МП | 2021 година | Не реализирана |

## 4.3. Резиме за областа






| Институција | Вкупно | Реализирани активности | Нереализирани активности | Активности во тек на реализација |
|---|---|---|---|---|
| ДКСК | 2 | 0 | 0 | 2 |
| МП | 2 | 1 | 1 | 0 |
| МИОА | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Собрание | 1 | 0 | 0 | 1 |

# 5. СЕКТОР ПРАВОСУДСТВО

## 5.1. Опис на секторот правосудство

Правосудството е клучен сектор за владеење на правото. Од аспект на оваа стратегија овој сектор ги опфаќа обвинителствата, судовите, државниот правобранител, како и други релевантни тела - Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Академијата за судии и јавни обвинители. Судската власт, согласно Уставот и законот, се карактеризира со независност. Надлежно министерство кое ги предлага законите во оваа област е Министерството за правда, кое има надлежност и во организацијата и следењето на правосудната управа.

Со Националната стратегија во секторот правосудство се утврдени 3 проблеми, за чие надминување се предвидени 7 мерки и 14 активности, а за реализација на овие активности надлежни се:

- МП
- МФ,
- ЈОРСМ,
- ДП,
- АСЈО и
- Здружение на јавни обвинители.

## 5.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот политички систем состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:** Недоволно ефикасен систем за јакнење на интегритетот во судството и јавното обвинителство.*

- **Мерка 1:** Дополнување на Кодексот на јавните обвинители со коментари и примери.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Предлагање на коментари и примери за Кодексот од страна на Здружението на јавни обвинители.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: Здружението на јавни обвинители
    Статус: **Реализирана.**
    Од доставениот извештај, евидентно е дека на 21 декември 2021 година е одржан состанок со експерт за човекови права од Велика Британија, а со посредство на Советот на Европа, при што се дадени забелешки на Кодексот, во насока на негово усогласување и подобрување со стандардите кои ги прифаќа Советот на Европа.

- ✓ **Активност 1.2.:** Усвојување на дополнувањето на Кодексот на јавните обвинители.
  Рок: втора половина на 2021 година
  Надлежна институција: ЈОРСМ
  Статус: **Реализирана.**
  Советот на јавните обвинители на 5 мај 2021 година донесе нов Етички кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија.

- **Мерка 2:** Спроведување на задолжителни обуки за судиите и јавните обвинители заради имплементација на кодексите за професионално однесување.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Донесување на програми за задолжителни обуки за професионално однесување на судиите и обвинителите.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: АСЈО
    Статус: **Реализирана.**
    АСЈО извести дека носи Општа програма за континуирана обука на судиите, јавните обвинители и други таргет групи од институции поврзани со правосудството, која се донесува за период од 2 години. Во неа има предвидено дел за Организиран криминал и корупција и дел за Општи теми кои опфаќаат етика и интегритет.
  - ✓ **Активност 2.2.:** Спроведување на обуки од страна на Академијата за судии и јавни обвинители.
    Рок: 2021 година, континуирано
    Надлежна институција: АСЈО
    Статус: **Реализирана.**
    Согласно Општата програма за обука се одржуваат редовни обуки во однос на етика и интегритет на судии и јавни обвинители.

- **Мерка 3:** Спроведување проценка на ризиците од корупција во правосудството.
  - ✓ **Активност 3.1.:** Формирање на експертска работна група за проценка на ризиците од корупција во правосудството.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ДКСК
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 3.2.:** Изготвување на длабинска анализа и оценка на факторите кои генерираат корупција во правосудството.
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: ДКСК
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 2:*** *Недоволни материјални и кадровски ресурси, отсуство на автоматизиран систем за распределба на предметите и нивно следење во јавното обвинителство и недоволна транспарентност во работата на Советот на јавните обвинители.*

- **Мерка 1:** Кадровско екипирање на јавните обвинителства согласно постојните систематизации на работните места.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Зголемување на буџетски средства на ЈО за нови вработувања.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **Во тек.**

МФ информира дека со Буџетот за 2022 година се предвидени 435.140.000 денари за плати во ЈОРСМ, што претставува зголемување за околу 10,3% во однос на 2021 година. Во рамки на планираните средства за 2022 година е предвидено зголемување на платите во ЈОРМ за 15% и се предвидени средства за нереализирана согласност од 2021 за 60 лица и нереализирана обнова на согласност од 2020 за 11 лица.

✓ **Активност 1.2.:** Спроведување на обуки за нови јавни обвинители.
Рок: 2021, континуирано
Надлежна институција: АСЈО
Статус: **<u>Реализирана.</u>**
АСЈО извести дека во однос на обуките во 2021 година се одржани обуки од граѓанска, кривична и управна област за јавните обвинители кои се избрани во 2020 и 2019 година.

- **Мерка 2:** Формирање на истражни центри во рамките на јавните обвинителства.

✓ **Активност 2.1.:** Обезбедување на буџетски средства за истражните центри.
Рок: 2021, континуирано
Надлежна институција: МФ
Статус: **<u>Во тек.</u>**
Согласно извештајот од МФ, веќе фунцкионираат неколку истражни центри за кои се обезбедени буџетски средства.

✓ **Активност 2.2.:** Донесување на одлука за формирање на истражните центри.
Рок: 2021, континуирано
Надлежна институција: ЈОРСМ
Статус: **<u>Во тек.</u>**

- **Мерка 3:** Воспоставување на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите во јавното обвинителство.

✓ **Активност 3.1.:** Анализа на процесот на менаџирање со предметите во ЈОРСМ.
Рок: втора половина на 2021 година
Надлежна институција: ЈОРСМ
Статус: **<u>Реализирана.</u>**
Од доставениот извештај, видно е дека во текот на ноември 2021 година, подготвен е предлог Правилник за начинот на распределба на предметите во јавните обвинителства преку системот за електронска распределба на предметите. Со овој правилник ќе се регулира електронската распределба на предмети преку информатички систем во ЈОРСМ, како дел од единствениот информатички центар со база на податоци за правосудните органи во РСМ. Предлог правилникот во моментов е во постапка за негово разгледување и донесување.

✓ **Активност 3.2.:** Набавка на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите.
Рок: прва половина на 2022 година
Надлежна институција: ЈОСРМ
Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.

✓ **Активност 3.3.:** Обука на кадар за негово користење.
Рок: втора половина на 2022 година
Надлежна институција: ЈОСРМ
Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.

***Проблем 3:*** *Недоволна ефикасност и недоволна транспарентност во работата на Државното правобранителство.*

- **Мерка 1:** Зголемување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на Државното правобранителство.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Донесување на нов закон за државно правобранителство.
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: МП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан.**
    МП известува дека ваква активност немаат предвидено за 2022 година.

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот правосудство е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| 1. | П1.М1.А1.1. | Здружение на јавни обвинители | 2021 година | Реализирана |
| 2. | П1.М1.А1.2. | ЈОРСМ | 2021 година | Реализирана |
| 3. | П1.М2.А1.1. | АСЈО | 2021 година | Реализирана |
| 4. | П1.М2.А1.2. | АСЈО | Континуирано | Реализирана |
| 5. | П1.М3.А1.1. | МП | 2022 година | / |
| 6. | П1.М3.А1.2. | ДКСК | 2022 година | / |
| 7. | П2.М1.А1.1. | МФ | 2021 година | Во тек |
| 8. | П2.М1.А1.2. | АСЈО | Континуирано | Реализирано |
| 9. | П2.М2.А1.1. | МФ | Континуирано | Во тек |
| 10. | П2.М2.А1.2. | ЈОРСМ | Континуирано | Реализирно |
| 11. | П2.М3.А1.1. | ЈОРСМ | 2021 година | Реализирана |
| 12. | П2.М3.А1.2. | ЈОРСМ | 2022 година | / |
| 13. | П2.М3.А1.3. | ЈОРСМ | 2022 година | / |
| 14. | П3.М1.А1.1. | МП | 2022 година | / |

## 5.3. Резиме за областа







| Институција | Вкупно | Реализирани активности | Нереализирани активности | Во тек |
|---|---|---|---|---|
| АСЈО | 3 | 3 | 0 | 30 |
| ЈОРСМ | 3 | 3 | 0 | 0 |
| МФ | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Здружение на јавни обвинители | 1 | 1 | 0 | 0 |

## 5.4. Препораки

Врз основа на анализата на добиените податоци и информации, како и направените анализи, со цел да се надминат воочените проблеми и да се унапреди степенот на реализација на мерките и активностите утврдени со Стратегијата, во секторот правосудство треба да се реализираат следниве препораки:

1. Во Акциониот план на Стратегијата, кај Проблемот 1, во Мерката 1.1, да се додаде уште една активност, во насока на ревидирање на новиот Етички кодекс преку компаративна анализа на неговите одредби со коментарите од страна на Здружението на јавни обвинители, утврдени во активноста 1.1 на оваа мерка.

   Надлежна институција: ЈОРМ во соработка со Здружението на јавни обвинители.

   Рок за реализација: континуирано.

2. Кај Проблемот 1, во Мерката 2, Активноста 2.1. да се промени и да гласи:

   Активност 2.1. Дополнување на Општата програма за континуирана обука на судиите, јавните обвинители со обуки и за други таргет групи од институции поврзани со правосудството.“
   Надлежна институција АСЈО.
   Рок: континуирано.

# 6. СЕКТОР ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

## 6.1. Опис на секторот органи за спроведување на законот

Во РСМ, дел од органите задолжени за спроведување на закони, се МВР, УФП, УФР и ЦУ. Исто така, многу битна улога во системот за спроведување на законите и откривање неправилности имаат надзорните тела, односно инспекциските служби на централно и на локално ниво, како и системот за внатрешна и надворешна ревизија. Горе споменатите тела, по природа на своите надлежности, честопати се изложени на притисоци и коруптивни влијанија, што во крајна линија доведува до губење на довербата на граѓаните во функционирањето на системот во целина. Затоа, неопходно е да се посвети големо внимание на овие тела, да се подобри правната рамка, да се зајакнат нивните финансиски, материјални и човечки капацитети, како и интегритетот на нивните вработени. Поради важноста но и подложноста на притисоци и корупција,органите за спроведување на законот се многу значаен дел од Стратегијата.

Со Националната стратегија во секторот правосудство се утврдени 3 проблеми, за чие надминување се предвидени 7 мерки и 21  активност, а за реализација на овие активности надлежни се:

- Владата,
- МВР,
- МФ,
- УФП,
- УФР
- МП,
- ЦУ
- ДКСК,
- ИС,
- Министерствата,
- МИОА,
- ДУИ и
- ДЗР.

## 6.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот органи за спроведување на законот состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***<u>Проблем 1:</u>*** *<u>Дискрециони овластувања на одговорните лица и нетранспарентност при вработувања и унапредувања во МВР.</u>*

- **Мерка 1:** Воспоставување на транспарентност во постапката за вработување и унапредување во МВР, освен за вработувањата што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Измена на Закон за внатрешни работи.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МВР
    Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.
    МВР извести дека во Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, кој во моментот е во собраниска постапка, со членот 8 од измените извршена е интервенција во членот 76 од Закон за внатрешни работи, на начин што се предвидува дека работен однос без јавен оглас во Министерството се заснова само за работни места за кои во актот за систематизација на работните места, поради видот и природата на работните задачи, како и посебните услови под кои тие се извршуваат, е утврдено дека може да се спроведе постапка за вработување и без јавен оглас.

- **Мерка 2:** Да се обезбеди транспарентност на актите за организација и систематизација на работните места во МВР и нивно објавување на интернет страната на МВР, освен за работните места што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Декласификација на актите за организација и систематизација на работните места во МВР.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МВР
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
    Во доставениот извештај од МВР се наведува дека декласификација на актите за организација и систематизација на работните места во МВР не е можна, од причина што нивна декласификација може да имплицира негативен ефект врз функционирањето на МВР, заради сензитивната природа на внатрешните односно полициските работи.
    Но овие наводи се неприфатливи за ДКСК, односно неприфатливо е да се класифицира внатрешната оганизација и сите работни места во МВР. Затоа ДКСК и понатаму инсистира за декласификација на овие акти, освен во оној дел кој се однесува на позиции и лица чиј идентитет мора да биде заштитен, при што со реорганизацијата на безбедносниот сектор, овие лица во најголем дел не се веќе вработени во МВР.

***Проблем 2:** Неефикасен систем за утврдување на професионална одговорност во органите за спроведување на законот.*

- **Мерка 1:** Воведување на посебна организациска единица за внатрешна контрола и професионални стандарди во УФР и УФП.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Измена на Закон за финансиска полиција.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **Нереализирана.**
  - ✓ **Активност 1.2.:** Усогласувања на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во УФР и УФП.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција УФР
    Статус: **Нереализирана**.
- **Мерка 2:** Унапредување на процесот на дисциплинските постапки во МВР.
  **Активност 2.1.:** Хармонизација на интерните акти со „Стратегија за унапредување и подобрување на дисциплинските постапки 2020-2022„. Рок: втора половина на 2021 година
  Надлежна институција: МВР
  Статус: **Во тек.**
  Со Предлог- законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, кој во моментот е во собраниска постапка, со предложените измени од членовите 20, 21, 22 и 23 се врши изменување на членовите 195, 196, 198 и 199 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 275/19 и 110/21), на начин што се врши ревидирање на начинот на спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност во Министерството, при што се предвидува дисциплинските постапки да се водат во посебна организациска единица во

Министерството, надлежна за спроведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на работниците. Во таа насока, формирана е Работна група за изготвување на предлог - модел за воспоставување на нов организациски облик во Министерството за внатрешни работи, надлежен за спроведување на дисциплинските постапки, односно за координација на активностите за имплементација на проектот за формирање на посебниот организациски облик.

- **Мерка 3:** Воведување статус на правосудна полицијана вработените во Секторот за професионална одговорност при Царинската управа (согласно Законот за кривчна постапка чл.46, 47).
  - ✓ **Активност 3.1.:** Измена и дополнување на Закон за кривична постапка член 47 став 2 во опфатот на кривични дела односно да се дополни надлежноста на припадниците на правосудна полиција при ЦУ и со кривичните дела од областа на корупцијата извршени од страна на вработени во ЦУ.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МП
    Статус: **<u>Нереализирана.</u>**
    Во одговорот МП наведува дека мерката е разгледана и истата не е прифатлива и нема да се вгради во измените на Законот за кривична постапка бидејќи истата е спротивна со концептот за надворешен независен контролен механизам за припадниците на МВР со полициски овластувања, затворската полиција, одредени категории во Царинската управа и др. Имено, за имплементација на овој механизам беа донесени сет закони од кои клучен е Законот за јавно обвинителство - член 33 каде што е уредена исклучива надлежност на Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Имено, во ставот 6 од наведениот член е пропишано дека „Јавниот обвинител во Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција раководи со претходната постапка и дејствијата ги презема самостојно или преку јавнообвинителските истражители.“ Согласно ЗЈО, „Под лице со полициски овластувања во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира полициски службеник, овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања, припадници на финансиска полиција и шумска полиција, со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела и овластени службени лица на Министерство за одбрана кои работат на откривање и истражување на кривични дела.“ Воедно, сметаме дека предложената мерка нема да обезбеди спречување на корупција, туку би можела да има обратен ефект и е спротивна на погоренаведениот концепт за надворешен независен контролен механизам веќе вграден во нашето законодавство во соработка со Советот на Европа и Европската унија.
  - ✓ **Активност 3.2.:** Измена и дополнување на Законот за Царинската управа (усогласување со измената на ЗКП).
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **<u>Нереализирана.</u>**
    Во согласност со одговорот на МП произлегува дека и оваа мерка не може да биде реализирана. На тркалезната маса беше договорено МП, МФ и ЦУ да одржат состанок во рок од една недела за да се договорат за оваа активност и за

тоа да биде известена ДКСК но тоа не е направено, односно ДКСК нема добиено никакво известување по однос на оваа активност.

- ✓ **Активност 3.3.:** Измена и дополнување на Правилниците за систематизација и организација на Царинската управа (усогласување со измената на ЗКП и ЗЦУ).
  Рок: втора половина на 2021 година
  Надлежна институција: ЦУ
  Статус: **Нереализирана.**
  Исто како и во однос на претходната активност, во согласност со одговорот на МП произлегува дека и оваа мерка не може да биде реализирана.

- **Мерка 4:** Воведување на обврска царинските службеници да поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси и промена во имотната состојба и интереси.
  - ✓ **Активност 4.1.:** Измена и дополнување на Закон за спречување на корупција и судир на интереси во насока на допрецизирање на одредбата од член 83.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 4.2.:** Измена и дополнување на Законот за Царинската управа (усогласување со изменетиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси).
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: ЦУ
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 3:*** *Нејасно и непрецизно утврдени надлежности и преклопување на надлежностите помеѓу инспекторатите.*

- **Мерка 1:** Прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Анализа на законските надлежности на инспекциските служби.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ИС
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 1.2.:** Измена на законите во кои со анализата се утврдени непрецизни надлежности или нивно преклопување со другите инспекции.
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: министерствата
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 4:*** *Субјективно и несоодветно постапување на инспекторите при исполнување на нивната надлежност.*

- **Мерка 1.:** Зајакнување на интегритетот на инспекциските служби.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Изработка на Методологија за проценка на ризици од корупција во инспекциските служби.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МИОА
    Статус: **Нереализирана.**
  - ✓ **Активност 1.2.:** Подготовка на анализа на ризиците од корупција во инспекциските служби.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МИОА

Статус: **<u>Нереализирана</u>.**

- **Мерка 2:** Да се пропише обврска инспекторите да пријавуваат имотна состојба и интереси до Инспекцискиот совет.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Измена на материјалните закони кои се однесуваат на инспекциските служби заради воспоставување на обврска за пријавување на имотна состојба и интереси.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МИОА
    Статус: **<u>Нереализирана</u>.**
- **Мерка 3:** Пропишување на дисциплинска одговорност за непријавување на имотна состојба и интереси од страна на инспекторите.
  - ✓ **Активност 3.1.:** Да се дополнат материјалните закони за инспекциските служби со пропишување на дисциплински мерки за неподнесување на изјави.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МИОА
    Статус: **<u>Нереализирана</u>.**

***<u>Проблем 5:</u>*** *<u>Недоволно функционален инспекциски надзор во локалната самоуправа.</u>*

- **Мерка 1:** Зајакнување на инспекциските служби во ЕЛС со овластени инспектори.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Спроведување на континуиран инспекциски надзор од страна на Државниот Управен инспекторат во ЕЛС во однос на исполнување на законската обврска за вработување на овластени инспектори.
    Рок: 2021, континуирано
    Надлежна институција: ДУИ
    Статус: **<u>Реализирана</u>.**

***<u>Проблем 6:</u>*** *<u>Одговорните или раководните лица на институциите не ги спроведуваат препораките предложени од внатрешната ревизија и ДЗР.</u>*

- **Мерка 1:** Да се воспостави ефикасен систем за известување за не/спроведување на препораките од внатрешната ревизија и ДЗР до повисоките органи за надзор и контрола.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Измена на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **<u>Во тек</u>.**
  - ✓ **Активност 1.2.:** Измена на Закон за државна ревизија.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **<u>Во тек</u>.**

***<u>Проблем 7:</u>*** *<u>Влијание на одговорните лица во јавните институции врз независноста на внатрешната ревизија.</u>*

- **Мерка 1:** Обезбедување на независност во работата на внатрешната ревизија преку формирање на посебна единица во Министерството за финансии.
  - ✓ **Активност 1.1.:** Измена на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
    Рок: прва половина на 2023 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.

✓ **Активност 1.2.:** Измена на акт за организација и систематизација на Министерство за финансии.
Рок: втора половина на 2023 година
Надлежна институција: МФ
Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот органи за спроведување на законот е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | **Статус** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | МВР | 2022 година | / |
| **2.** | П1.М2.А2.1. | МВР | 2022 година | / |
| **3.** | П.2М.1.А1.1. | МФ | 2021 година | Нереализирана |
| **4.** | П2.М1.А1.2. | УФР | 2021 година | Нереализирана |
| **5.** | П2.М2.А2.1. | МВР | 2021 година | Во тек |
| **6.** | П2.М3.А3.1. | МП | 2021 година | Нереализирана |
| **7.** | П2.М3.А3.2. | МФ | 2021 година | Нереализирана |
| **8.** | П2.М3.А3.3. | ЦУ | 2021 година | Нереализирана |
| **9.** | П2.М4.А4.1. | МП | 2022 година | / |
| **10.** | П2.М4.А4.2. | МФ | 2022 година | Релизирана |
| **11.** | П3.М1.А1.1. | ИС | 2022 година | / |
| **12.** | П3.М1.А1.2. | надлежни министерства | 2022 година | / |
| **13.** | П4.М1.А1.1. | МИОА | 2021 година | Нереализирана |
| **14.** | П4.М1.А1.2. | МИОА | 2021 година | Нереализирана |
| **15.** | П4.М2.А2.1. | МИОА | 2021 година | Нереализирана |
| **16.** | П4.М.3.А3.1. | МИОА | 2021 година | Нереализирана |
| **17.** | П5.М1.А1.1. | ДУИ | континуирано | Реализирана |
| **18.** | П6.М1.А1.1 | МФ | 2021 година | Во тек |
| **19.** | П6.М1.А1.2. | МФ | 2021 година | Во тек |
| **20.** | П7.М1.А1.1. | МФ | 2023 година | / |
| **21.** | П7.М1.А1.2. | МФ | 2023 година | / |

## 6.3. Резиме за областа







| Институција | Вкупно активности во 2021 година | Реализирани | Нереализирни | Во тек |
|---|---|---|---|---|
| ЦУ | 1 | 0 | 1 | 0 |
| УФР | 1 | 0 | 1 | 0 |
| МФ | 3 | 0 | 1 | 2 |
| МП | 1 | 0 | 1 | 0 |
| МИОА | 4 | 0 | 4 | 0 |
| МВР | 1 | 0 | 0 | 1 |
| ДУИ | 1 | 1 | 0 | 0 |

## 6.4. Препораки

Врз основа на анализата на добиените податоци и информации, како и направените анализи, со цел да се надминат воочените проблеми и да се унапреди степенот на реализација на мерките и активностите утврдени со Стратегијата, во секторот органи за спроведување на законот треба да се реализираат следниве препораки:

1. Во Акциониот план на Стратегијата, кај Проблемот 1, во Мерката 1, Активноста 1.2 да се подели на две активности, и тоа:
    a. Активност 1.2.1. Усогласувања на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во УФР.
    Рок за реализација втора половина на 2022 година.
    Надлежна институција УФР.
    b. Активност 1.2.2. Усогласувања на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во УФП.
    Рок за реализација втора половина на 2022 година.
    Надлежна институција УФП.
2. Кај Проблемот 2, во Мерката 3, во однос на активноста 1.1. надлежните институции да ги усогласат своите ставови за да може прецизно да се дефинираат наведениве активности, со оглед на фактот што МП инсистира оваа активност да отпадне додека пак ЦУ работи во насока на реализација на оваа активност.

3. Кај проблемот 4, во Мерката 1, во однос на активностите 1.1 и 1.2 да се промени носителот на активноста, односно наместо МИОА, носител да биде ИС во соработка со ДКСК.

# 7. СЕКТОР ЗДРАВСТВО

## 7.1. Опис на секторот здравство

Јавното здравство е малку третирана тема во релевантните извештаи за корупција, но граѓаните преку разни анкети ја искажале својата перцепција за високиот степен на корупција во здравството. Во Министерството за здравство не се врши проценка на ризиците од корупција, ниту пак таа се споменува во некој од стратешките документи во овој сектор. Ризиците од корупција во здравството главно се поврзуваат со вршење на основната дејност – обезбедување на здравствени услуги, вработувањата и особено во постапките за јавни набавки, имајќи предвид дека во овој сектор континуирано се вршат голем број на набавки со висока вредност (на медицинска опрема, лекови и други потребни стоки/услуги) за да се овозможи оперативно и непрекинато вршење на секојдневните активности.

Со Националната стратегија во секторот здравство се утврдени 5 проблеми за чие надминување се предвидени 18 мерки и 26 активности, а за реализација на овие активности надлежни се:

- МЗ,
- ФЗО,
- МАЛМЕД,
- Лекарска комора,
- Здравствени установи.

## 7.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот здравство состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:** Не постојат ефективни критериуми за утврдување на договорните надоместоци (лимити/буџети) за здравствените установи (ЈЗУ и ПЗУ) и за цените на здравствените услуги и лековите, ниту пак критериуми за транспарентно утврдување и распределба на буџетот наменет за ЗУ, нови технологии и лекови, методи за здравствени услуги.*

- **Мерка 1:** Воспоставување на ефективни критериуми за распределба на буџетот на ФЗО по здравствени услуги и установи.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Изготвување анализа на постојната регулатива за распределба на буџетот на ФЗО по здравствени услуги и здравствени установи.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **Реализирана.**
    Изготвена е анализа на постојната регулатива за распределба на буџетот на ФЗОРСМ од страна на секторот за финансиски прашања.
  - ✓ **Активност 1.2.:** Измена на Правилникот за утврдување критериуми за утврдување на договорен надоместок во насока на утврдување на мерливи и

релевантни критериуми кои директно ќе влијаат на висината на договорниот надоместок.
Рок: прва половина на 2022 година
Надлежна институција: ФЗО
Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

- **Мерка 2:** Зајакнување на капацитетите на Фондот за планирање, аналитика и здравствена економика со посебен осврт на методологијата за Проценка на здравствени технологии (HTA).
  - ✓ **Активност 2.1.:** Формирање на Сектор за аналитика / развој / здравствена економика во ФЗОМ.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
- **Мерка 3:** Обезбедување на инклузивен начин на распределување на буџетот по нивоа и области на здравствена заштита од страна на независно тело (здружение, асоцијација итн.) со претставници од ЗУ.
  - ✓ **Активност 3.1.**: Формирање на независно тело (здружение, асоцијација итн.) со претставници од ЗУ кое ќе ги претставува и застапува интересите на сите ЗУ и учествува во преговорите за утврдување на буџетите на ЗУ.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 3.2.:** Годишна распределба на здравствениот буџет - вкупно по нивоа и области на здравствена заштита, но и поединечно по ЗУ.
    Рок: втора половина на 2022 година, континуирано
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
- **Мерка 4:** Дигитализација и поврзување на финансиско сметководствен менаџмент на даватели на здравствени услуги.
  - ✓ **Активност 4.1.:** Формирање на електронски систем со база на податоци (софтвер) за сите трошоци за материјали, плати, лекови, опрема и други трошоци на ЗУ како основа за формирање на реални цени за услуги како и потребата за ревидирање.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
- **Мерка 5:** Подобрување на регулативата и транспарентноста на процесот на формирање на референтни цени на здравствени услуги и лекови.
  - ✓ **Активност 5.1.**: Изготвување/ревидирање на правилниците за утврдување на цени на здравствени услуги и лекови.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 5.2.:** Вклучување на одредби за „Договори за споделување на ризикот“ (анг.Managed entry agreements) за лекови кои имаат монополска позиција на пазарот, измена во Законот за здравствено осигурување и измена во Правилникот за позитивна листа на лекови и во Правилникот за референтни цени на лекови.
    Рок: прва половина на 2022 година

Надлежна институција: ФЗО
Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.

- ✓ **Активност 5.3.:** Усвојување на процедури за преговарање за цени со ЗУ и фармацевтските компании, кои ќе се базираат на начелото на транспарентност.
  Рок: прва половина на 2022 година
  Надлежна институција: ФЗО
  Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.

- **Мерка 6:** Воспоставување на систем на утврдување на „стандард“ и „над-стандард“ на материјалите кои се вклучени во здравствена услуга.
  - ✓ **Активност 6.1.**: Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се дефинира стандард и надстандард на услуги, материјали, помагала итн.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.
- **Мерка 7:** Спроведување на внатрешни контроли и ревизии на процесот на формирање на цени на лекови и правилна примена на методологиите.
  - ✓ **Активност 7.1.**: Вклучување на редовни и вонредни контроли на процесот и методологиите за формирање на единствените цени на лекови во МЗ и референтните цени на лекови во ФЗО.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.
- **Мерка 8:** Воведување на транспарентност и процедура во процесот на донесувањето и распределбата на буџетот на ФЗО кон ЗУ.
  - ✓ **Активност 8.1.**: Донесување на правилник за начинот и постапката на донесување и распределба на буџетот.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.
  - ✓ **Активност 8.2.:** Воспоставување на обврска за јавно објавување на буџетите на ФЗО.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.
- **Мерка 9:** Воспоставување и одржување на систем на мерливи и транспарентни индикатори за успешност на ЗУ.
  - ✓ **Активност 9.1.**: ФЗОРСМ и МЗ во Систематизацијата да уредат одговорна организациона единица за воспоставување на систем за следење на индикатори за успешност на ЗУ, да се утврди процедура за комуникација со ЗУ и да се овозможи on-line објавување и следење на индикаторите за успешност.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.
- **Мерка 10:** Годишно ревидирање на цените на здравствените услуги и лекови.
  - ✓ **Активност 10.1.**: Во методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги да се утврдат рокови за целосна ревизија на цените, најмалку еднаш годишно следејќи ги калкулативните елементи кои учествуваат во формирање на цените.
    Рок: втора половина на 2023 година

Надлежна институција: ФЗО
Статус: **<u>Рокот за реализација не е доспеан</u>**.

***<u>Проблем 2:</u>*** *<u>Субјективизам при изборот на лекови кои се покриваат од јавните средства, односно од придонесите за здравствено осигурување на граѓаните, а регулативата за медицина базирана на докази не се применува доследно.</u>*

- **Мерка 1:** Воспоставување на правна рамка за селекција на лекови кои ќе бидат покриени од државниот буџет која ќе биде унифицирана и ќе важи за сите лекови.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Утврдување на критериуми за селекција на лекови на товар на ФЗОРСМ.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **<u>Нереализирана</u>**.
  - ✓ **Активност 1.2.:** Усвојување на Правилник за позитивна листа на лекови врз основа на Методологија на „Проценка на здравствени технологии“ (Health Technology Assessment - HTA).
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **<u>Нереализирана.</u>**
  - ✓ **Активност 1.3.:** Вклучување на одредби за „Договори за споделување на ризикот“ (анг.Managed entry agreements) за лекови кои имаат монополска позиција на пазарот, во законската регулатива, во Правилникот за позитивна листа на лекови и во Правилникот за референтни цени на лекови.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **<u>Нереализирана.</u>**
- **Мерка 2:** Обезбедувањето на транспарентност во спроведување на програмите на МЗ, кои опфаќаат и обезбедување лекови.
  - ✓ **Активност 2.1.**: Јавно објавување на листата на лекови, кои се покриваат од програмите на МЗ, со критериуми врз основ на кои е направен изборот.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **<u>Нереализирана.</u>**
- **Мерка 3:** Доследна примена на принципите на медицина базирана на докази.
  - ✓ **Активност 3.1.**: Ажурирање на упатствата за практикување медицина базирана на докази во рамки на законски предвидената процедура.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **<u>Нереализирана</u>**.
  - ✓ **Активност 3.2.:** Усвојување на упатства за медицина базирана на докази за областите каде истите не постојат.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **<u>Нереализирана</u>**.

***<u>Проблем 3:</u>*** *<u>Злоупотреби во постапките за давање/примање на донации, клинички студии и проекти.</u>*

- **Мерка 1:** Да се прецизираат карактеристиките, условите и начинот на примање на донациите на ЈЗУ.

- ✓ **Активност 1.1.**: Изготвување на подзаконски акт за примање донации.
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: МЗ
  Статус: **Нереализирана.**

- **Мерка 2:** Воспоставување на јавно достапен Регистер на донации на лекови, опрема и клинички студии.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Изготвување на регистар.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **Нереализирана.**
    Од информациите добиени на тркалезната маса беше констатирано дека клиничките студии не се во надлежнот на МЗ, не се донации и јавно се објавени на веб страна МАЛМЕД, поради што не треба да бидат дел од оваа мерка и активност.

***Проблем 4:*** *Неетички практики при маркетирањето на лековите.*

- **Мерка 1:** Регулирање и следење на односите помеѓу фармацевтските компании и докторите во врска со маркетирањето на лековите.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Донесување на етички кодекс за однесување на сите чинители при маркетирање на лекови.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МАЛМЕД
    Статус: **Нереализирана**.
    Од страна на МАЛМЕД беше укажано дека веќе постои подзаконски акт со кој се регулира ова прашање, но сепак заклучокот е дека донесувањето на етички кодекс може позитивно да влијае на однесувањето на здравствените работници и соработници при маркетирањето на лекови, поради што оваа активност треба да биде реализирана.
- **Мерка 2:** На болничко ниво да се воспостави систем на „Терапевтски комитети“ и „Болнички регистри на лекови“.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Да се донесат законски измени и подзаконски акти за обврзано воспоставување на систем на „Терапевтски комитети“ и „Болнички регистри на лекови“ во сите болници во државата.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗ
    Статус: **Нереализирана.**

***Проблем 5:*** *Транспарентно и објективно одлучување во постапката за лекување во странство.*

- **Мерка 1:** Утврдувањето на референтни болници преку јасно дефинирани критериуми во подзаконски акт.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Измена на акти за дефинирање на критериумите.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: ФЗО
    Статус: **Нереализирана.**

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот здравство е следна:

| Реден број | Активност | Носител | **Рок** | **Статус** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | ФЗО | 2021 година | Реализирана |
| **2.** | П1.М1.А1.2. | ФЗО | 2022 година | / |
| **3.** | П1.А2.М2.1. | ФЗО | 2022 година | / |
| **4.** | П1.М3.А3.1. | ФЗО | 2022 година | / |
| **5.** | П.М3.А3.2. | ФЗО | 2022 година и континуирано | / |
| **6.** | П1.М4.А4.1. | ФЗО | 2022 година | / |
| **7.** | П1.М5.А5.1. | ФЗО | 2022 година | / |
| **8.** | П1.М5.А5.2. | ФЗО | 2022 година | / |
| **9.** | П1.М5.А5.3. | ФЗО | 2022 година | / |
| **10.** | П1.М6.А6.1. | МЗ | 2022 година | / |
| **11.** | П1.М7.А7.1. | МЗ | 2022 година | / |
| **12.** | П1.М8.А8.1. | ФЗО | 2022 година | / |
| **13.** | П1.М8.А8.1. | ФЗО | 2022 година | / |
| **14.** | П1.М9.А9.1. | ФЗО | 2022 година | / |
| **15.** | П1.М10.А10.1. | ФОЗ | 2023 година | / |
| **16.** | П2.М1.А1.1. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **17.** | П2.М1.А1.2. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **18.** | П2.М1.А1.3. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **19.** | П2.М2.А2.1. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **20.** | П2.М3.А3.1. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **21.** | П2.М3.А3.2. | МЗ | 2021 година | Во тек |
| **22.** | П3.М1.А1.1. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **23.** | П3.М2.А2.1. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **24.** | П4.М1.А1.1. | МАЛМЕД | 2021 година | Нереализирана |
| **25.** | П4.М2.А2.1. | МЗ | 2021 година | Нереализирана |
| **26.** | П5.М1.А1.1. | ФЗО | 2021 година | Во тек |

## 7.3. Резиме за областа







| Институција | Вкупно активности во 2021 година | Реализирани | Нереализирни | Во тек |
|---|---|---|---|---|
| ФЗО | 2 | 1 | 0 | 1 |
| МЗ | 9 | 0 | 8 | 1 |
| МАЛМЕД | 1 | 0 | 1 | 0 |

### 7.4. Препораки

Врз основа на анализата на добиените податоци и информации, како и направените анализи, со цел да се надминат воочените проблеми и да се унапреди степенот на реализација на мерките и активностите утврдени со Стратегијата, во секторот здравство треба да се реализира следнава препорака:

1. Во Акциониот план на Стратегијата, кај Проблемот 3, во Мерката 2 клиничките испитувања да изостанат како дел од мерката, затоа што истите не се донации.

## 8. СЕКТОР ОБРАЗОВАНИЕ

### 8.1. Опис на секторот образование

Секторот образование е многу широк и ги опфаќа Министерството за образование и наука и самостојните органи во негов состав, единиците на локалната самоуправа (заради децентрализираните надлежности во овој сектор), јавните основни и средни училишта, како и државните универзитети. Тука се вбројува и Министерството за труд и социјална политика надлежно за градинките кои пружаат услуги на предучилишно образование.
Корупцијата во образованието малку е третирана во релевантните извештаи за корупција, меѓутоа овој сектор често се посочува од страна на граѓаните во разни анкети за нивната перцепција или искуството во однос на коруптивните дејства. Во Министерството за

образование не се врши проценка на ризиците од корупција, ниту се споменува во некој од стратешките документи во овој сектор.

Со Националната стратегија во секторот образование се утврдени 8 проблеми за чие надминување се предвидени 18 мерки и 36 активности, а за реализација на овие активности надлежни се:

- АКВО,
- БРО,
- Влада,
- ДИЦ,
- ДКСК,
- ДПИ,
- ЕЛС,
- ИС,
- МОН,
- МФ,
- Сенати на универзитети и
- ЦСО

## 8.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот образование состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***<u>Проблем 1:</u>*** *<u>Изразени влијанија и дискрециони овластувања при вработувањето во образованието.</u>*

- **Мерка 1:** Воспоставување на јасни критериуми за бодирање и постапки при спроведување на интервју за вработување на наставници во основното и средно образование.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Донесување на подзаконски акти по однос на спроведување на интервјуто и утврдување критериуми за бодирање при избор на кандидати за наставници.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: МОН
    Статус: **<u>Нереализирана.</u>**
- **Мерка 2:** Воспоставување на законска обврска решенијата за разрешување на директори на ОУ и СОУ пред истекот на нивниот мандат да содржат детални образложенија и да подлежат на инспекциски надзор.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Измена во Законот за просветна инспекција во насока на задолжителен надзор над решенијата за предвремено разрешување на директори на ОУ и СОУ .
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МОН
    Статус: **<u>Нереализирана</u>.**
  - ✓ **Активност 2.2.:** Спроведување на надзор во однос на содржината на образложението на решенијата за превремено разрешување на директори на ОУ и СОУ.
    Рок: втора половина на 2021 година, континуирано
    Надлежна институција: ДПИ
    Статус: **<u>Во тек</u>.**
    Од добиениот извештај се гледа дека ДПИ врши вонреден инспекциски надзор секогаш кога ќе добие иницијатива од некој директор кој е разрешен од страна на градоначалник.
- **Мерка 3:** Воспоставување на механизам на редовен надзор од страна на ДПИ над постапките за избор во наставно-научни звања.

- ✓ **Активност 3.1.**: Донесување на годишен план/програма на ДПИ за надзор над постапките за избор во наставно-научни звања.
  Рок: прва половина на 2021 година, континуирано
  Надлежна институција: ДПИ
  Статус: **Нереализирана.**

***Проблем 2:** Недоволно изградени капацитети на Државниот просветен инспекторат.*

- **Мерка 1:** Подигнување на материјално-техничките услови и човечките ресурси на ДПИ.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Изготвување на анализа за проценка на капацитетите на ДПИ.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: ДПИ
    Статус: **Во тек.**
  - ✓ **Активност 1.2.**: Зголемување на буџетот на ДПИ.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **Во тек.**
    МФ извести дека е буџетот на ДПИ за 2022 година е зголемен за околу 2.8%, но ова зголемување треба да продолжи и понатаму за да се осигура дека ДПИ ќе има капацитет во целост да ги реализира своите надлежности, поради што сметаме дека реализацијата на оваа активност е во тек, со очекување зголемувањето на буџетот на ДПИ да продолжи и следните години.
  - ✓ **Активност 1.3.**: Зголемување на бројот на инспектори.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МФ
    Статус: **Во тек.**
    МФ има дадено согласност на годишниот план за вработување на ДПИ за 2022 година во кој се предвидуваат 7 нови ваботување, кои сеуште не се реализирани.
  - ✓ **Активност 1.4.**: Вонреден инспекциски надзор да се врши од најмалку два инспектори.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: ДПИ
    Статус: **Во тек.**
    ДПИ известува дека 10% од надзорите се извршени од два инспектори.
- **Мерка 2:** Едукација и обуки за зајакнување на отпорноста на вработените во ДПИ од влијанија.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Спроведување едукација и обуки за интегритет и етика, како и за подигнување на свеста на вработените на ДПИ за начинот за пријавување на обидите за влијание до надлежен орган – ДКСК и/или ИС.
    Рок: втора половина на 2021 година, континуирано
    Надлежна институција: ДКСК
    Статус: **Во тек.**
    ДКСК обезбеди поддршка од (УСАИД ЦЕП), со кои активно ќе се работи во првите три квартали од 2022 година на спроведување на активности за менторирање и поддршка при имплементација на системот на интегритет во инспекциските служби, со акцент на засилена едукација и обуки за интегритет и етика, како и за подигнување на свеста на вработените на ДПИ за начинот за пријавување на обидите за влијание.

- **Мерка 3:** Зајакнување на механизмите за контрола на работата на инспекторите во ДПИ.
  - ✓ **Активност 3.1.**: Изготвување анализа за воспоставување на механизам за контрола на работата на инспекторите.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: ДПИ
    Статус: **Во тек.**
  - ✓ **Активност 3.2.**: Воспоставен механизам за контрола на работата на инспекторите.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МОН
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 3:*** *Ниска свест за адресирање на прашањето на корупцијата во рамките на образовните институции.*

- **Мерка 1:** Јакнење на свеста на директорите и на наставниците за превенирање од корупција во основното и средно образование.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Изготвување на Програма за обуки за директори и наставници за етика и интегритет.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: БРО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 1.2.**: Изготвување на Водич/ Брошура за превенирање од корупција.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: БРО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 1.3.**: Организирање и спроведување на едукативни работилници со директорите и наставниците.
    Рок: втора половина на 2022 година, континуирано
    Надлежна институција: БРО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
- **Мерка 2:** Подигнување на свеста за користењето на механизмите за пријавување на корупција на универзитетите.
  - ✓ **Активност 2.1.:** Спроведување на активности за пријавување на корупција науниверзитетите со инклузија и на студентите.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: Универзитет за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" - Охрид
    Статус: **Реализирана.**
  - ✓ **Активност 2.2.:** Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје
    Статус: **Нереализирана.**
  - ✓ **Активност 2.3.:** Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: УГД - Универзитет „Гоце Делчев" Штип
    Статус: **Реализирана.**

- ✓ **Активност 2.4.:** Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите.
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: УКЛО - Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола,
  Статус: **<u>Реализирана</u>.**

- ✓ **Активност 2.5.:** Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите.
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: Сенати на универзитети
  Статус: **<u>Нереализирана</u>.**

- **Мерка 3:** Воспоставување на механизам за следење на заложбите утврдени во Нацрт – политиката за спречување на корупција на универзитетот .
- **Активност 3.1.:** Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: Универзитет за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" - Охрид
  Статус: **<u>Во тек</u>.**
- **Активност 3.2.:** Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи..
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје
  Статус: **<u>Нереализирана</u>.**
- **Активност 3.3.:** Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи.
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: УГД – Универзитет "Гоце Делчев" Штип
  Статус: **<u>Во тек</u>.**
- **Активност 3.4.:** Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи.
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: УКЛО - Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола
  Статус: **<u>Реализирана</u>.**
- **Активност 3.5.:** Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи.
  Рок: прва половина на 2021 година
  Надлежна институција: Сенати на универзитети
  Статус: **<u>Нереализирана</u>.**

***<u>Проблем 4:</u>*** *<u>Непостоење на прецизна законска регулатива за користење на наставно нагледни и дидактички средства/помагала.</u>*

- **Мерка 1:** Воспоставување на прецизни критериуми за набавка и користење на образовните помагала во основни и средни училишта.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Изготвување на анализа на практиката и дефинирање на критериуми за набавка и користење на образовните помагала.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: МОН

Статус: **Нереализирана**.

- ✓ **Активност 1.2.**: Донесување  на измена на Законот за учебници.
  Рок: втора половина на 2021 година
  Надлежна институција: МОН
  Статус: **Во тек**.
- ✓ **Активност 1.3.**: Донесување на соодветни подзаконски акти кои ќе произлезат од Законот за учебници.
  Рок: втора половина на 2021 година
  Надлежна институција: МОН
  Статус: **Нереализирана**.

***Проблем 5:*** *Недостиг од процедури за набавки кои во воспитно-образовните институции се реализираат надвор од Законот за јавни набавки (екскурзии на ученици, обезбедување на училиштето, фотографирање на ученици и изработка на алманаси, набавка на ужина итн.) .*

- **Мерка 1:** Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно образовните институции кои не подлежат на Закон за јавни набавки.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Донесување подзаконски акти/правилници.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МОН
    Статус: Рокот за реализација не е доспеан.

***Проблем 6:*** *Недостиг на подзаконски акти за начинот на регулирање за давање под закуп на недвижен имот на образовните институции.*

- **Мерка 1:** Изготвување на подзаконски акти, упатства и насоки со кои ќе се регулира издавањето на недвижниот имот на воспитно и високо образовните институции.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Донесување подзаконски акти, упатства и насоки.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МОН
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 7:*** *Подигнување на квалитетот на високото образование во сферата на акредитирање на високообразовни институции, научни установи и студиски програми.*

- **Мерка 1:** Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и Агенцијата за квалитет во високото образование да бидат функционални.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Именување на членови на Националниот Совет и на Агенцијата за квалитет во високото образование.
    Рок: втора половина на 2020 година
    Надлежна институција: Влада
    Статус: **Реализирана**.
- **Мерка 2:** Регулирање на отчетноста на Агенцијата за квалитет на образованието.
  - ✓ **Активност 2.1.**: Изготвување на измени на Законот за високо образование за прецизно регулирање на отчетноста на Агенцијата за квалитет во високото образование.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МОН
    Статус: **Нереализирана**.

- **Мерка 3:** Обезбедување на транспарентност при изборот на членови на Агенцијата за квалитет на образованието.
  - ✓ **Активност 3.1.**: Објавување на образложени одлуки за избор на членовите на Агенцијата за квалитет на образованието.
    Рок: прва половина на 2020 година, континуирано
    Надлежна институција: Влада
    Статус: **Во тек.**
- **Мерка 4:** Обезбедување на транспарентност во работата на Агенцијата за квалитет на образованието во делот на акредитирањето на високообразовани институции, научни установи и студиски програми.
  - ✓ **Активност 4.1.**: Објавување на детално образложени одлуки на Агенцијата за акредитациите, ре акредитациите и другите стручни активности.
    Рок: прва половина на 2021 година, континуирано
    Надлежна институција: АКВО
    Статус: **Во тек.**
- **Мерка 5:** Зачленување на Агенцијата за квалитет на образованието во ЕНКА (Европската мрежа на Агенции за обезбедување квалитет во високото образование).
  - ✓ **Активност 5.1.**: Изготвување на План за зачленување на Агенцијата за квалитет на образованието во ЕНКА да се провери за планот.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: АКВО
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

***Проблем 8:*** *Недоволни содржини во образовниот процес во средното образование за принципите на доброто владеење и интегритет.*

- **Мерка 1:** Воведување на содржини за антикорупциска едукација за учениците од средно образование како дел од редовните наставните програми.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Спроведување на Проект - Антикорупциска едукација во средните пилот училишта.
    Рок: прва половина на 2021 година
    Надлежна институција: БРО
    Статус: **Реализирана.**
    Во 2021 година преку проект кој го реализираше ДКСК, обучени се 13 наставници од 10 средни пилот училишта од целата држава кои потоа одржаа обуки со по 1 група ученици од нивните училишта. За проектот се изготвени прирачници за наставници и прирачници за ученици на македонски и албански наставен јазик.
  - ✓ **Активност 1.2.**: Донесување на соодветни акти за воведување на антикорупциска едукација во редовните наставни програми.
    Рок: втора половина на 2021 година, континуирано
    Надлежна институција: БРО
    Статус: **Нереализирана.**

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот образование е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | МОН | 2021 година | Нереализирана |
| **2.** | П1.М2.А2.2. | МОН | 2021 година | Нереализирана |
| **3.** | П1.М2.А2.1 | ДПИ | 2021 година и континуирано | Во тек |
| **4.** | П1.М3.А1.1. | ДПИ | 2021 година и континуирано | Нереализирана |
| **5.** | П2.М1.А1.1. | ДПИ | 2021 година | Во тек |
| **6.** | П2.М1.А1.2. | МФ | 2021 година | Во тек |
| **7.** | П2.М1.А1.3. | МФ | 2022 година | Во тек |
| **8.** | П2.М1.А1.4. | ДПИ | 2021 година | Во тек |
| **9.** | П2.М2.А2.1. | ДКСК | 2021 година и континуирано | Во тек |
| **10.** | П2.М3.А3.1. | ДПИ | 2021 година | Во тек |
| **11.** | П2.М3.А3.2. | МОН | 2022 година | / |
| **12.** | П3.М1.А1.1. | БРО | 2022 година | / |
| **13.** | П3.М1.А1.2. | БРО | 2022 година | / |
| **14.** | П3.М1.А1.3. | БРО | 2022 година и континуирано | / |
| **15.** | П3.М2.А2.1. | Универзитет „Св.Апостол Павле“ | 2021 година | Реализирана |
| **16.** | П3.М2.А2.2. | Универзитет „Мајка Тереза“ | 2021 година | Нереализирана |
| **17.** | П3.М2.А2.3. | Универзитет „Гоце Делчев“ | 2021 година | Реализирана |
| **18.** | П3.М2.А2.3. | Универзитет „Св Климент Охрдиски“ | 2021 година | Реализирана |
| **19.** | П3.М3.А3.1. | Универзитет „Св.Апостол Павле“ “ | 2021 година | Во тек |
| **20.** | П3.М3.А3.2. | Универзитет „Мајка Тереза“ | 2021 година | Нереализирана |
| **21.** | П3.М3.А3.3. | Универзитет „Гоце Делчев“ | 2021 година | Во тек |
| **22.** | П3.М3.А3.4. | Универзитет „Св. Климент Охридски“ | 2021 година | Реализирана |
| **23.** | П4.М1.А1.1. | МОН | 2021 година | Нереализирана |
| **24.** | П4.М1.А1.2. | МОН | 2021 година | Нереализирана |
| **25.** | П4.М1.А1.3. | МОН | 2021 година | Нереализирана |
| **26.** | П5.М1.А1.1. | МОН | 2022 година | / |
| **27.** | П6.М1.А1.1. | МОН | 2022 година | / |
| **28.** | П7.М1.А1.1. | Влада | 2020 година | Реализирана |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **29.** | П7.М2.А2.1. | МОН | 2021 година | Нереализирана |
| **30.** | П7.М3.А3.1. | Влада | 2020 година и континуирано | Во тек |
| **31.** | П7.М4.А4.1. | АКВО | 2021 година и континуирано | Во тек |
| **32.** | П7.М5.А5.1. | АКВО | 2022 година | / |
| **33.** | П8.М1.А1.1. | БРО | 2021 година | Реализирана |
| **34.** | П8.М1.А1.2. | БРО | 2021 година | Нереализирана |

## 8.3. Резиме за областа







| Институција | Вкупно активности во 2021 година | Реализирани | Нереализирни | Во тек |
|---|---|---|---|---|
| АКВО | 1 | 0 | 0 | 1 |
| БРО | 2 | 1 | 1 | 0 |
| Влада | 2 | 1 | 0 | 1 |
| ДПИ | 5 | 0 | 1 | 4 |
| ДКСК | 1 | 0 | 0 | 1 |
| МОН | 6 | 0 | 6 | 0 |
| МФ | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Универзитет „Св.Апостол Павле | 2 | 1 | 0 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Универзитет „Мајка Тереза“ | 2 | 0 | 2 | 0 |
| Универзитет „Гоце Делчев“ | 2 | 1 | 0 | 1 |
| Универзитет „Св. Климент Охридски | 2 | 2 | 0 | 0 |

### 8.4. Препораки

Врз основа на анализата на добиените податоци и информации, како и направените анализи, со цел да се надминат воочените проблеми и да се унапреди степенот на реализација на мерките и активностите утврдени со Стратегијата, во секторот образование треба да се реализираат следниве препораки:

1. Во Акциониот план на Стратегијата, кај Проблемот 1 во Мерката 2 Активноста 2.1. да се промени во смисла дека е треба да се направи измена во Законот за просветна инспекција во насока на вршење на вонреден инспекциски надзор за проверка на законските причини за предвремено разрешување на директори на ОУ и СОУ.
2. Кај Проблемот 1 во Мерката 2 Активноста 2.2. да се измени и да гласи усогласување на Законот за основното образование и Законот за средното образование со пропишување на обврска за задолжително вршење на инспекциски надзор во случај на предвремено разрешување на директор.
3. Кај Проблемот 2 во Мерката 1 во Активноста 1.2. и Активноста 1.4. рокот за нивна реализација да се промени во континуирано.
4. Кај Проблемот 3 во Мерките 1 и 2 Активностите да се поделат, односно за секој универзитет да има одделна активност, а роковите за овие активности да бидат континуирано.

## 9. СЕКТОР ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

### 9.1. Опис на секторот труд и социјална политика

Секторот труд и социјална политика ги опфаќа прашањата поврзани со работните односи и социјалните права, правото на пензиско и инвалидско осигурување, како и предучилишното воспитување на децата во градинките.

Со Националната стратегија во секторот труд и социјална политика е утврден 1 проблем за чие надминување се предвидени 5 мерки и 10 активности, а за реализација на овие активности надлежно е МТСП.

### 9.2. Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот труд и социјална политика состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:*** *Недостиг од надзор во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување.*

- **Мерка 1:** Воспоставување на единствен дигитализиран централен систем за социјално осигурување.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Измена на законската регулатива од областа на социјалното осигурување.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 1.2.**: Воспоставување единствен дигитализиран централен систем за социјално осигурување.
    Рок: втора половина на 2023 година
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
- **Мерка 2:** Формирање на ново тело за централизирано вештачење / оцена на инвалидноста / способноста за работа со цел намалување на можноста за корупција при одлучување.
  - ✓ **Активност 2.1.**: Изработка на анализа за тековниот процес за оцена на инвалидноста / способноста за работа.
    Рок: втора половина на 2021година
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Во тек.**
  - ✓ **Активност 2.2.**: Донесување на законско решение за формирање на телото за вештачење/оцена.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 2.3.**: Формирање на телото за вештачење/оцена.
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
- **Мерка 3:** Подобрување на регулативата што ја уредува постапката за избор на членовите на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност.
  - ✓ **Активност 3.1.**: Анализа на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност во насока на идентификување на недореченостите во однос на изборот на нејзините членови.
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 3.2.**: Измена на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност.
    Рок: прва половина на 2023 година
    Надлежна институција: МТСП

Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

- **Мерка 4:** Зајакнување на надзорот во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување.
  - ✓ **Активност 4.1.**: Донесување на Методологија за спроведување на контроли (редовни и ад хок).
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 4.2.**: Спроведување на редовни и на ад хок контроли (не само по основ на претставки).
    Рок: 2021, континуирано
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Нереализирана.**
- **Мерка 5:** Зајакнување на надзорот во постапките за остварување на права по основ на помош и нега од друго лице.
  - ✓ **Активност 5.1.**: Спроведување на редовни и на ад хок контроли (не само по основ на претставки).
    Рок: 2021, континуирано
    Надлежна институција: МТСП
    Статус: **Нереализирана.**

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот труд и социјална политика е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | МТСП | 2022 година | / |
| **2.** | П1М1.А1.2. | МТСП | 2023 година | / |
| **3.** | П1М2.А2.1. | МТСП | 2021 година | Во тек |
| **4.** | П1М2.А2.2. | МТСП | 2022 година | / |
| **5.** | П1М2.А2.3. | МТСП | 2022 година | / |
| **6.** | П1М3.А3.1. | МТСП | 2022 година | / |
| **7.** | П1М3.А3.2. | МТСП | 2023 година | / |
| **8.** | П1М4.А4.1. | МТСП | 2022 година | / |
| **9.** | П1М4.А4.2. | МТСП | континуирано | Нереализирана |
| **10.** | П1М5.А5.1. | МТСП | континуирано | Нереализирана |

## 9.3. Резиме за областа




| Институција | Вкупно активности во 2021 година | Реализирани | Нереализирни | Во тек |
|---|---|---|---|---|
| МТСП | 3 | 0 | 2 | 1 |

Во секторот труд и социјална политика нема дополнителни препораки, освен генералната препорака дадена во делот на Извршното резиме од овој Извештај, а која се однесува на прнесување на активностите за кои рокот е поминат за следните години.

# 10. СЕКТОР УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## 10.1.Опис на секторот урбанизам и просторно планирање

Секторот урбанизам и просторно планирање во контекст на оваа стратегија се состои од јавните институции кои се дел од централната и локалната власт, а со надлежност за прашања од областа на урбанизмот, просторното планирање и градежништвото. Тука првенствено спаѓаат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, самостојните органи во нивен состав, како и единицитена локалната самоуправа.

Со Националната стратегија во секторот урбанизам и просторно планирање е утврден 1 проблем за чие надминување предвидени се една мерка и една активност во надлежност на МТВ.

## 10.2.Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот урбанизам и просторно планирање состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:*** *Недоволен надзор над изведбата на градбите од втора категорија.*

- **Мерка 1:** Воспоставување засилен надзор над изведбата на градби од втора категорија.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Измена на Законот за градење во насока на задолжително иницирање постапка за одземање на лиценцата за надзор на правното лице доколку е констатирана неправилност со прикажување на невистинита состојба.
    Рок: втора половина на 2022 година, контиунирано
    Надлежна институција: МТВ
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот урбанизам е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | МТВ | 2022 година и континуирано | / |

Како што може да се види со Акциониот план од Стратегијата за секторот урбанизам и просторно планирање за 2021 година не се предвидени никакви активности.

### 10.3.Препораки

Врз основа на анализата на добиените податоци и информации, како и направените анализи, со цел да се надминат воочените проблеми и да се унапреди степенот на реализација на мерките и активностите утврдени со Стратегијата, во секторот урбанизам и просторно планирање треба да се реализира следнава препорака:

1. Акциониот план на Стратегијата да се дополни со нов проблем 2. "Злоупотребите при постапката за продажба на државно земјиште по основ на дооформување на парцела". Описот на проблемот како и мерките и активностите за негово надминување ќе бидат дадени во Предлог измените на Националната стратегија кои ќе следуваат по усвоување на овој Извештај од страна на Собранието.

## 11. СЕКТОР ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 11.1.Опис на секторот животна средина

Секторот животна средина во контекст на оваа Стратегија се состои од јавните институции кои се дел од централната и локалната власт, а со надлежност за прашања од областа на заштитата на животната средина. Овој сектор добива на значење во последните години заради воведувањето на различни еколошки и други дозволи кои деловните субјекти треба да ги имаат за да можат да ги започнат/вршат своите оперативни активности.

Со Националната стратегија во секторот животна средина е утврден 1 проблем за чие надминување предвидени се 1 мерка и 2 активности, 1 во надлежност на МЖСПП и 1 во надлежност ЕЛС.

## 11.2.Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот урбанизам и просторно планирање состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:*** *Невоспоставен интергиран систем за регионално управување со отпад.*

- **Мерка 1:** Воспоставување на Регионални центри за управување со отпад.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Објавување на оглас за избор на концесионери.
    Рок: прва половина на 2022 година
    Надлежна институција: МЖСПП
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.
  - ✓ **Активност 1.2.**: Донесување одлуки за доделување концесии за управување со отпад.
    Рок: втора половина на 2022 година
    Надлежна институција: ЗЕЛС
    Статус: **Рокот за реализација не е доспеан**.

Врз основа на добиените податоци, и направените анализи состојбата со реализација на активностите утврдени со Акциониот план на Стратегијата за 2021 година за секторот животна средина е следна:

| Реден број | Активност | Носител | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | П1.М1.А1.1. | МЖСПП | 2022 година | / |
| **2.** | П1.М1.А1.2. | ЕЛС | 2022 година | / |

Како што може да се види со Акциониот план од Стратегијата за секторот урбанизам и просторно планирање за 2021 година не се предвидени никакви активности.

# 12. СЕКТОР ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## 12.1.Опис на секторот земјоделство

Секторот земјоделство во контекст на оваа Стратегија се состои од јавните институции со надлежност за прашања од областа на земјоделството, пред се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството.

Во изминатите години, Владата преку креирање на политики за поддршка на земјоделството издвојува значаен дел од Буџетот за стимулирање и зголемување на земјоделското производство, но преовладува мислењето дека ефектите од овие мерки не ги исполниле очекуваните резултати, пред се поради неефикасно управување и спорведување на креираните политики.

Со Националната стратегија во секторот животна средина се утврдени 5 проблеми за чие надминување предвидени се 10 мерки и 18 активност во надлежност на:

- МЗШВ,
- МФ,
- ИС
- ДИЗ
- АХВ
- АФПРЗ и
- АФПЗРР.

## 12.2.Степен на реализација на активностите од Стратегијата

Во секторот земјоделство состојбата со реализацијата на активностите од Националната стратегија е следна:

***Проблем 1:*** *Редефинирање на системот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост и ефективен надзор врз намената на користење на земјиштето и исполнувањето на договорите за користење на државно земјоделско земјиште.*

- **Мерка 1:** Зајакнување на надзорот над наменското користење на земјиштето и реализација на договорите за закуп на земјоделско земјиште.
  - ✓ **Активност 1.1.**: Пропишување на детални процедури за вршење на надзор над наменското користење и реализација на договорите за закуп на земјоделско земјиште.
    Рок: втора половина на 2021 година
    Надлежна институција: МЗШВ
